# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА

# НА

# ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

# за

# 2021 ГОДИНА

Скопје, март 2022

## Содржина


РЕЗИМЕ 1

1. ВОВЕД 2

2. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА 3

2.1. Законска рамка 3

2.2. Мандат и статус на претседател и членови 5

2.3. Секретаријат на ДКСК 5

3. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ДКСК 8

3.1. *Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси* 8

3.2. *Постапувања во случаи за сомнежи за корупција* 14

3.3. *Постапување во случаи на судир на интереси* 18

3.4. *Следење на законитоста на финансирањето на изборни кампањи* 21

3.5. *Евидентирање и следење на имотната состојба* 30

**3.6. *Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси*** 32

**3.7. *Регистар на избрани и именувани лица*** 33

3.8. *Водење на прекршочни постапки* 33

3.9. *Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти* 34

3.10. *Анализи за ризици од корупција во различни сектори* 36

3.11. *Активности поврзани едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси* 40

3.12. *Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ* 43

** Пријави поднесени во 2019 година, а по кои е постапувано во 2020 година* 49

3.13. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер 49

3.14. *Спроведување на препораките од ГРЕКО во надлежност на ДКСК* 50

4. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА 51

5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО 53

5.1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ДКСК 53

5.2. ЕДУКАЦИЈА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ДКСК 53

5.3. СОФТВЕРСКИ РЕШЕНИЈА 54

6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ 57

6.1. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ 57

6.2. СОРАБОТКА СО МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ 58

7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ 64

8. ЗАКЛУЧОЦИ 66

9. ПРИЛОЗИ 68

## Резиме

Овој извештај ја отсликува работата на Државната комисијата за спречување на корупцијата во текот на 2021 година.

Државната комисијата за спречување на корупцијата е независна институција формирана од Собранието на Република Северна Македонија и своите надлежности ги врши согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Наследените проблеми поради несоодветни просторни и технички услови Државната комисијата за спречување на корупцијата ги надмина во 2021 година, кога од страна на Владата на РСМ и беа доделени нови простории. Со тоа се создадоа услови и се инсталира компјутерската опрема обезбедена од Европската Комисија која подолг период беше неискористена. Исто така, во текот на 2021 година ДКСК започна да го зголемува и бројот на вработените и со тоа да ги зајакнува своите капацитети.

Во текот на 2021 година граѓаните продолжија да пријавуваат незаконитости и нерегуларности во работењето на службените лица како, така што Државната комисија прими 720 пријави од граѓани со сомневања за постоење коруптивно однесување, злоупотреба на јавната функција, постоење на судир на интереси, оформи 84 предмети по сопствена иницијатива и поведе 710 прекршочни постапки за ненавремено поднесени Изјави за имотна состојба и интереси. ДКСК донесе 675 одлуки од кои:

- Од областа на корупцијата - 390;
- Од областа на судир на интереси - 152;
- За непочитување на забраните во текот на изборен процес - 41 -;
- Од областа на проверка на податоците од Анкетните листови - 92 и
- Издаде 85 мислења по барања за потенцијален судир на интереси.

Постапувајќи по останатите надлежности Државната комисија:

- Спроведе кампањи за јакнење на свеста и градење на систем на интегритет;
- Започна спроведување на едукација за интегритет со таргетирани групи;
- Одржа јавни дебати за голем број закони од различни области во кои беа утврдени голем број ризици од корупција;
- Започна со креирање на повеќе софтверски решенија за поголема ефикасност во своето работење;
- Се донесоа интерни акти за селекција на пријави и постапување по нив.

Во услови на продолжен ризик од Корона – 19 вирусот, и во текот на 2021 година Државната комисијата за спречување на корупцијата одлуките ги носеше на седници организирани Online на кои медиумите редовно беа присутни.

## 1. Вовед

Во насока на исполнување на надлежноста од член 19 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ), Државната комисија за спречување на корупција (во натамошниот текст: ДКСК) го изготви овој Извештај за своето работење во текот на 2021 година. Извештајот се поднесува до Собранието на Република Северна Македонија и се доставува до Претседателот на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија како и до средствата за јавно информирање.

И оваа година во услови на здравствена криза, ДКСК своите надлежности така што редовно одржуваше седници, редовно постапуваше по предмети и доставени пријави, активно ги следеше Локалните избори – 2021 и активностите на учесниците, одржуваше on-line состаноци со претставници на државни институции, здруженија, граѓански организации, меѓународни институции во насока на промовирање и спроведување на мерки и активности насочени кон спречување на корупцијата и зајакнување на борбата против неа.

Во текот на 2021 година ДКСК ги надмина проблемите со обезбедување услови за работа: го реши прашањето со простор и од јуни 2021 своето работење го реализира во нови простории со што се обезбедија максимални услови за работа; донираната компјутерска опрема од Европската Комисија конечно стана целосно функционална. Исто така во текот на 2021 година ДКСК ги зголеми своите човечки капацитети со 12 лица преку нови вработувања и преземања, а со унапредувања на вработените ја зајакна и раководната структура во Секретаријатот.

Покрај редовното постапување и донесување одлуки по поднесени пријави од областите корупција и судир на интереси, ДКСК се посвети на едукацијата и јакнење на свеста за важноста на борбата против корупцијата преку реализација на проекти и организирање на јавни дебати на актуелни теми. Истовремено, со изготвување на анализи на законска регулатива од разни области се утврдија ризици од корупција кои анализи се доставени до надлежните институции со цел надминување на детектираните ризици при носењето на нови законски решенија.

И оваа година како и претходните две, ДКСК изврши мониторинг над активностите на политичките партии и другите учесници за време на изборната кампања на Локалните избори-2021 година за што издаде Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања за Локалните избори-2021 година.

Овие и другите активности кои беа реализирани во текот на 2021 година се патека по која ДКСК ја остварува својата

**Мисија:** „ДКСК применува и поттикнува доследна примена на законите, нормативно и институционално јакнење, креира антикорупциски политики, изрекува превентивни и репресивни мерки со кои влијае на спречување на корупцијата и судирот на интереси во вршење на власта и јавни овластувања, службена должност и политика, промовира владеење на правото, доброто управување и развива правна култура", а со цел исполнување на својата

**Визија:** „Воспоставен функционален и ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси".

## 2. Статус, раководство, надлежност и организациона структура

### 2.1. Законска рамка

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (во натамошниот текст ЗСКСИ) кој е во примена од јануари 2019 година се зголемија надлежностите на ДКСК и се зајакна и нејзината институционалната важност.

Согласно ЗСКСИ, Државната комисија за спречување на корупцијата е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со Законот и со својство на правно лице. Со член 17 од ЗСКСИ, утврдени се 29 надлежности кои генерално може да се поделат во шест сегменти на функционирање како што е прикажано во Табела 1.

Табела 1: Надлежности на ДКСК

| Функции на ДКСК | Надлежности од член 17 |
|---|---|
| 1. Развој на антикорупциски политики и подобрување на антикорупциската клима | - Донесување на национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување ( точка 1).<br>- Спроведување антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно Методологија која самата ДКСК ја донесува ( точка 2).<br>- Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16).<br>- Подготовка на анализи за ризици од корупција во различни сектори (точка 17).<br>- Преземање активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет (точка 18).<br>- Спроведување истражувања на јавното мислење за оценка на своето работење и состојбата со корупцијата (точка 23).<br>- Редовно известување на јавноста за својата работа (точка 28).<br>- Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 2. Континуирано следење на и проверка на имотната состојба и интересите на избрани и именувани лица, финансирање на политички партии и изборни кампањи и водење на соодветни регистри | o Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи (точка 7).<br>o Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии (точка 6).<br>o Евидентирање и следење на имотната состојба и интересите на лицата опфатени со законот (точка 10).<br>o Пропишување образец на изјавите за имотната состојба и интересите (точка 11).<br>o Вршење проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите (точка 12).<br>o Соработка со државни органи во обезбедувањето на потребните информации (точка 13). |

| | |
|---|---|
| | o Водење на регистар на избрани и именувани лица (точка 20).<br>o Изготвување каталог на подароци врз основа на податоците добиени согласно со членот 58 од ЗСКСИ и објавување на каталогот на својата веб страница (точка 22). |
| 3. Покренување на иницијативи пред други надлежни органи, утврдување на состојби на судир на интереси, прекршочни постапки | o Постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси (точка 3).<br>o Покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица (точка 4).<br>o Покренување иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува (точка 5).<br>o Покренување иницијатива врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија (точка 8).<br>o Водење прекршочни постапки за прекршоците утврдени во членовите 100 - 113 од ЗСКСИ (член 114, ст. 2) |
| 4. Соработка со државни органи, домашни и меѓународни тела и организации | o Соработка со државни органи во обезбедување на информации (точка 13).<br>o Соработка со национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата (точка 14).<br>o Разменување информации со надлежни тела на други држави и меѓународни организации, врз основа на обврски преземени со меѓународни договори ратификувани согласно Уставот (точка 15).<br>o Соработка со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупцијата и судирот на интереси (точка 16). |
| 5. Едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси | o Преземање активности на планот на едукацијата и јакнењето на свеста за корупцијата и судирот на интереси (точка 19). |
| 6. Обезбедува сопственото непречено функционирање | o Донесување годишна програма за работа (точка 24).<br>o Донесување етички кодекс за членовите и Секретаријатот (точка 25).<br>o Донесување деловник за работа (точка 26).<br>o Донесување акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот (точка 27). |

ДКСК има доделени надлежности и со други закони како што се Закон за заштита на укажувачите (Службен весник бр. 196/15 и 35/18), Законот за лобирање (Службен весник бр. бр.106/08 и 135/11) и Изборниот законик (Службен весник бр. 40/06...215/21).

## 2.2.Мандат и статус на претседател и членови

Државната комисија е составена од претседател и шест членови, кои имаат статус на именувани лица. Претседателот и членовите на ДКСК се избираат на јавен оглас што го објавува Собранието на начин и во постапка утврдена со ЗСКСИ кој обезбедува транспарентност и учество на јавноста при изборот на членовите.

Претседателот и членовите на ДКСК ги именува Собранието на РСМ за период од пет години, без право на повторен избор. Од редот на членовите на ДКСК со мнозинство гласови од вкупниот состав на членовите се избира заменик-претседател по принципот на ротација на секои шест месеци. Претседателот и членовите на ДКСК функцијата ја вршат професионално и со полно работно време. Собранието на РСМ го разрешува претседателот и членот на ДКСК по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието, во случај кога е исполнет услов за разрешување утврден во ЗСКСИ.

Постојниот состав на Комисијата беше избран на 8 февруари 2019 година со Одлука за именување на претседател и членови на ДКСК од страна на Собранието на РСМ.

## 2.3.Секретаријат на ДКСК

Секретаријатот на ДКСК е стручна служба која ги врши административните работи од надлежност на Комисијата.

Вработените во Секретаријатот имаат статус на административни службеници раководени од Генерален секретар кој ДКСК го бира со мнозинство гласови.

Врз основа на извршена функционална анализа и проценка на потребната организациона поставеност и човечки ресурси заради исполнување на законските надлежности, од август 2020 година во примена се Правилник за внатрешна организација на Секретаријатот на ДКСК и Правилник за систематизација на работните места во Секретаријатот на ДКСК. Истите се јавно достапни на веб страната на ДКСК.

Со актите за внатрешна организација и систематизација, вработените во Секретаријатот се организирани во следниве организациони форми:

1. Генерален секретар
2. Државен советник за превентивни антикорупциски политики
3. Државен советник за спроведување мерки и активности за спречување на корупцијата и судирот на интереси

4. СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ИНТЕГРИТЕТ со две одделенија:
    - Одделение за стратешко планирање, соработка, проекти, аналитика и едукација;
    - Одделение за антикорупциска проверка на легислативата.

5. СЕКТОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА, со следните одделенија:
    - Одделение за спречување на корупцијата;
    - Одделение за следење на финансирањето на политичките партии, изборните кампањи и корупција во јавните набавки.

6. СЕКТОР ЗА СПРЕЧУВАЊЕ СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, СЛЕДЕЊЕ НА ИМОТНА СОСТОЈБА И ИНТЕРЕСИ И ЛОБИРАЊЕ, со следните одделенија:
    - Одделение за спречување судир на интереси и лобирање;
    - Одделение за следење на имотна состојба и интереси.

7. СЕКТОР ЗА ИТ ПОДДРШКА, ОПШТИ РАБОТИ, СЕДНИЦИ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА, со следните одделенија:
    - Одделение за ИТ поддршка и општи работи;
    - Одделение за седници и односи со јавноста.

Како самостојни организациски единици кои за својата работа непосредно се одговорни пред генералниот секретар, се формирани:

- Одделение за финансиски прашања и
- Одделение за управување со човечки ресурси.

Во Табела 2 прикажана е структурата на човечките ресурси на ДКСК во однос на планираниот број на вработени и моменталната состојба на пополнетост по работни места, степен на образование, пол и етничка припадност.

Табела 2: Структура на човечките ресурси во ДКСК

| **Вид на административни службеници** | **Планирани** | **Број на врабо-тени** | **ВСС** | **ССС** | **Мажи** | **Жени** | **Македонци** | **Албанци** | **Власи** | **Срби** | **Други** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Генерален секретар | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | | |
| Државни советници | 2 | 2 | 2 | | | 2 | 2 | | | | |
| Раководни административни службеници | 15 | 7 | 7 | | 1 | 6 | 6 | | | | 1 |
| Стручно - административни службеници | 42 | 22 | 22 | | 11 | 11 | 13 | 7 | 1 | 1 | |
| Помошно - стручни административни службеници | 4 | 2 | | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | |
| **Вкупно** | **64** | **34** | **32** | **2** | **13** | **21** | **23** | **8** | **1** | **1** | **1** |

Од административните службеници со завршено високо образование, 12 од вработените се со звање магистер и еден доктор на науки.

Во 2021 година беше зголемен бројот на вработените, така што од предвидените 64 работни места со систематизацијата, пополнети се 34 што претставува 53% пополнетост и подобрување на состојбата со човечките ресурси во однос на 2020 година кога пополнетоста изнесуваше 38% (60-систематизирани работни места и 23 пополнети).

Подобрувањето на состојбата со човечките капацитети се должи на пополнување на раководните позиции преку процес на унапредување на вработените, преку нови вработувања и преземање на административни службеници. Имено:

- Во месец март 2021 година преку постапка за унапредување со објавување на интерен оглас, во Секретаријатот на ДКСК на раководни позиции се унапредени шест административни службеници со долгогодишно работно искуство во институцијата и стручност во работењето. Унапредувањето на постојниот кадар на повисоки односно раководни работни места е во насока на ефикасно, ефективно и квалитетно управување со секојдневното работење и функционирање на институцијата.
- Постапувајќи согласно одредбите од Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците („Службен весник на РСМ" бр.302/20) и Планот за преземање на нераспределените административни службеници вработени преку програмата К-5 усвоен на 40-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 19.01.2021 година, во месец март 2021 година ДКСК презеде четири административни службеници од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците. Претходно беше донесен Правилник за дополнување на правилникот за систематизација на работните места во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, со кој, бројот на систематизирани работни места во Секретаријатот на Државната комисија се зголеми од 60 на 64 работни места;
- Согласно Годишниот план за вработување во Државната комисија за спречување на корупцијата за 2021 година, во месец јуни 2021 година од планираните осум, реализирани се седум вработувања на административни службеници (шест нови вработувања и едно лице од постојниот кадар премина на работно место на повисоко ниво);
- Во втората половина на 2021 година, двајца административни службеници со спогодба за вработување без јавен оглас преку трајно преземање беа вработени во Секретаријатот на раководни работни места.

На 01.07.2021 година на еден административен службеник вработен во Секретаријатот на ДКСК му престана работниот однос поради стекнување право на старосна пензија.

Иако состојбата со бројот на вработените во Секретаријатот е подобрена, фактот што само 53% од работните места се пополнети, придонесува за постоење на „тесни грла" во одредени сектори, го пролонгира рокот за одлучување и ја намалува ефикасноста на работењето на ДКСК.

Зајакнувањето на капацитетите во ДКСК е од исклучително значење за непречено одвивање на работните процеси, остварување на работните задачи и надлежностите како и воопшто за целокупното институционално функционирање. Ова е од особено значење за ДКСК поради фактот што во последниот извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2021 година, се констатира дека е постигнат одреден напредок во борбата против корупцијата, при што особено се истакнува проактивноста на Државната комисија, и се препорачува „дека напорите за подобрување на нејзиното функционирање треба да продолжат, особено со доделување дополнителни средства за вработување стручен кадар."

ДКСК и во текот на 2022 година ќе работи на зајакнување на човечките ресурси како една од основните цели за нејзино институционално јакнење.

# 3. Реализирани активности кои произлегуваат од законските надлежности на ДКСК

## 3.1. *Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси*

Процесот на донесување на Националната стратегија започна да се реализира во септември 2019 година врз основа на анализа на ризиците од корупција и Методологија за изготвување на националната стратегија во инклузивен процес во кој беа вклучени голем број државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор, медиуми. По одржаната јавна презентација и усвојување, на 17 јануари 2020 година ДКСК ја достави Националната стратегија до Собранието на РСМ на усвојување.

Поради распишаните предвремени Парламентарни избори- 2020, кои поради вонредната состојба предизвикана од Ковид-19 пандемијата беа одложени и одржани на 25.07.2020 година, Националната стратегија не беше усвоена од страна на Собранието на Република Северна Македонија. Од причина што голем број активности требаше да започнат да се реализираат во 2020 година, поради новонастанатите околности и забавување на сите процеси во државата, ДКСК оцени дека пред повторното доставување на Националната стратегија до Собранието на РСМ на усвојување, неопходно е да се изврши нејзино ажурирање, како во делот на временските рокови за нејзина реализација, така и во делот на предвидените активности. По извршеното ажурирање и усогласување на мерките, активностите и роковите остварено во консултативен процес со сите институции задолжени за реализација на мерките, ДКСК на седница одржана на 11.12.2020 година ја донесе ревидираната Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акциски План 2021-2025 која Собранието на Република Северна Македонија ја усвои на 32-рата седница одржана на 18 април 2021 година.

За поголема ефикасност на следење на степенот на реализација на активностите од НС 2021-2025, со поддршка од ЕУ ИПА 2 проектот „Промовирање на транспарентноста и одговорноста на јавната администрација во Северна Македонија", во втората половина од 2021 година беше развиено и софтверско решение – ВЕБ апликација, со кое се овозможува координаторите on-line периодично да доставуваат извештаи за степенот на реализација на активностите, за кои нивната институција е носител во процесот на реализација. За реализација на активностите, ДКСК побара, а институциите номинира лица - координатори задолжени за навремено доставување на податоци и информации за начинот на исполнување на доделените активности и нивно вметнување во софтверот. Во ноември 2021 година беше одржана обука на координаторите за начинот на користење на ВЕБ апликацијата и за процесот на поднесување извештаи.

Во периодот од 15 до 31 декември преку Веб апликацијата беше отворен процесот на евалуација за степенот на реализација на активностите за 2021 година, во кој период координаторите ги поднесуваа извештаите кои се однесуваат на активностите од нивна надлежност. Според известувањата доставени од институциите, степенот на реализација на мерките и активностите предвидени за 2021 година е прикажан во следната Табела 3.

Табела 3: Реализација на активностите предвидени за 2021 година

| Р.бр | Области/Сектори | Број на предложени | | | Планиран период на реализација на активностите | | | | | Број на активности во 2021 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Проблеми | Мерки | Активности | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 | 2025 | Реализирани | Нереализирани | Во тек |
| 1 | Јавни набавки | 2 | 2 | 4 | 3 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 |
| 2 | Вработување | 3 | 8 | 13 | 8 | 4 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 |
| 3 | Политички систем | 6 | 7 | 8 | 6 | 2 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 4 |
| 4 | Правосудство | 3 | 7 | 14 | 9 | 5 | 0 | 0 | 0 | 7 | 0 | 2 |
| 5 | Органи за спроведување на законот | 7 | 13 | 21 | 14 | 7 | 2 | 0 | 0 | 2 | 9 | 3 |
| 6 | Здравство | 5 | 18 | 26 | 12 | 13 | 1 | 0 | 0 | 1 | 9 | 2 |
| 7 | Образование | 8 | 18 | 34 | 27 | 4 | 0 | 0 | 0 | 6 | 10 | 11 |
| 8 | Труд и социјална политика | 1 | 5 | 10 | 3 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 |
| 9 | Урбанизам и просторно планирање | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 10 | Животна средина | 1 | 1 | 2 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 11 | Земјоделство | 5 | 9 | 16 | 11 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10 | 1 |
| 12 | Спорт | 2 | 6 | 15 | 7 | 7 | 1 | 0 | 0 | 0 | 6 | 1 |
| 13 | Економија и бизнис | 4 | 8 | 13 | 8 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 2 |
| 14 | ЈП и АД | 3 | 3 | 6 | 0 | 2 | 2 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 15 | Медиуми и граѓанско општество | 3 | 5 | 8 | 3 | 5 | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **54** | **111** | **191** | **111** | **67** | **9** | **2** | **0** | **22** | **59** | **30** |

Во Графикон 1 прикажан е статусот на исполнување на препораките кои со Националната стратегија се планирани да се реализираат во 2021 година.




Графикон 1

Податоците говорат за мал степен на реализација на планираните активности. Но ако се земе во предвид фактот што за надминување на утврдените проблеми, поголем број од активностите предвидуваат измени на законска регулатива, извештаите доставени од

институциите во однос на мерките преземени од нивна страна говорат дека измени во законските решенија се направени било како измени и дополнувања или пак како нови законски решенија и истите се доставени во Собраните на разгледување и усвојување.

Поради забавеното работење Собранието на РСМ, односно исполнување на неговите надлежности, голем број од овие предлог измени на закони се во собраниска процедура и е неизвесно кога и дали истите ќе бидат усвоени.

Спроведувањето на мерките предвидени со Националната стратегија со цел спречување и борба со корупцијата во Република Северна Македонија е единствено можна со целосно функционирање на сите институции и исполнување на своите обврски.

Во периодот јануари – февруари 2022 година, ДКСК изврши евалуација на доставените извештаи од надлежните институции за степенот на спроведување на Националната стратегија за што е изготвен годишен извештај и согласно член 18 од ЗСКСИ до 31 Март се доставува до Собраните на Република Северна Македонија.

Доколку спроведената евалуација, анализи и согледувања укажат на потреба од измени и дополни, ДКСК ќе донесе одлука за изменување на Националната стратегија.

## *Постапувања по предмети*

Надлежностите на ДКСК во однос на проверка и утврдување на состојбите поврзани со сомнежи за коруптивно однесување, судир на интереси, спречување корупција во политиката, непријавување на имот и интереси, проверка на изјавите за имот и т.н. ги темели на основа на пријави од правни или физички лица, анонимни или познати, по допрен глас или по сопствена иницијатива, но и по годишни планови.

И во текот на 2021 година до ДКСК беа доставени голем број пријави по сите основи прикажани во Табела 4:

Табела 4: Состојба на предмети по примени пријави, сопствена иницијатива и донесени одлуки

| Област за постапување | Корупција | | Судир на интереси | | Имотна состојба | | Финансирање на изборни кампањи | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** | **2021** | **2020** |
| Примени пријави | 583 | 406 | 89 | 80 | - | 32 | 48 | 32 | 720 | 550 |
| Сопствена иницијатива | 16 | 12 | 17 | 6 | 45 | 83 | 6 | 1 | 84 | 102 |
| Број на донесени одлуки | 390 | 378 | 152 | 157 | 92 | 38 | 41 | 33 | 675 | 606 |

Податоците за 2021 година говорат дека исто како и во минатата 2020 година, најголем број на поднесени пријави се со наводи за постоење сомнеж за коруптивно однесување на службените лица (Графикон 2). Покрај тоа ДКСК издаде 85 мислења по доставени барања согласно член 72 став 3 од ЗСКСИ, односно издавање мислења во случаи на постоење потенцијален судир на интереси.




Графикон 2

Во текот на 2021 година ДКСК одржа вкупно 13 седница преку on-line, платформа на кои седници радиодифузерите и електронски медиуми им беше овозможен пристап директно да ги следат.

***Член 22 од ЗСКСИ: Седници на комисијата:***

(1) Државната комисија, одлуките во вршењето на работите од својата надлежност, ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

(3) Седниците на Државната комисија се јавни.

(4) По исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.

На одржаните седници беа донесени 675 одлуки, кои според областа на надлежност на ДКСК се прикажани во Графикон 3.




Графикон 3: Донесени одлуки според област на надлежност

***Член 17 од ЗСКСИ: ДКСК ги има следниве надлежности:***

точка 4: покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица;

точка 5: покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува

Во рамки на наведените надлежности, а кои произлегуваат од постапувањата по предметите, ДКСК достави иницијативи за постапување и до други надлежни органи. Состојбата на доставените иницијативи и постапувања на институциите по истите е прикажана во Табела 5.

**Преглед на доставени иницијативи и постапување на институциите**

Табела 5

| р. Број | Институција | 2019-2020 | | Постапувања на институциите во период 2019-2020 по доставени иницијативи | | | | | 2021 | | Постапувања на институциите во 2021 по доставените иницијативи | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Доставени иницијативи | | Постапено | | Отфрлена иницијатива | | Постапки пред Управен суд | Доставени иницијативи | | Постапено | | Отфрлени | | Надминат на друг начин | | Не доставиле одговори | |
| | | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција | Судир | Корупција |
| 9 | ОЈО | 2 | 8 | | | 2 | 2 | | 1 | 7 | | 3 | 1 | 1 | | 1 | | 8 |
| 2 | Влада на РСМ | 2 | 9 | | 4 | | 2 | | | | 1 | 1 | | | 1 | 2 | | |
| 3 | Градоначалници | 5 | 3 | 2 | | 2 | 1 | | 1 | 3 | | 3 | | | | 1 | 2 | 1 |
| 4 | Други | 2 | 1 | 1 | | | | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | |
| 5 | МВР | | | | | | | | | 1 | | 1 | | | | | | |
| 6 | Инспекциски служби | 1 | 3 | 1 | 3 | | | | | | | | | | | | | |
| 7 | Министерство за здравство | 4 | 3 | | 1 | | | 1 | | | | | | | | 1 | 1 | |
| 8 | Министерство за култура | 1 | | 1 | | | | | | | | | | | | | | |
| 9 | Министерство за образование | | 3 | | | | | 1 | | | | | | | | | | 3 |
| 10 | НО и УО | 10 | 1 | 5 | | 5 | 1 | | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно** | **27** | **31** | **10** | **8** | **9** | **6** | **3** | **3** | **12** | **2** | **9** | **1** | **1** | **2** | **6** | **3** | **12** |
| | **Вкупно** | **58** | | **18** | | **15** | | **3** | **15** | | **11** | | **2** | | **8** | | **15** | |

Треба да се истакне дека по неколку иницијативи доставени до ОЈО и Влада, иако не се преземани соодветни активности, сепак состојбите се надминати поради други околности. Имено, поради смрт на службено лице, ОЈО ја запре истрагата произлезена од иницијативата на ДКСК. За утврдените состојби на судир на интереси по кои ДКСК достави иницијативи за разрешување на одговорните лица, Владата не презема конкретни мерки, но состојбите се надминати бидејќи во меѓувреме нивниот мандат заврши, а лицата не беа избрани повторно.

За одлуките на ДКСК по кои засегнатите страни доставија тужби пред Управен суд, ДКСК постапи согласно доставените укажувања.

### 3.2. *Постапувања во случаи за сомнежи за корупција*

*Корупцијата е злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг*

Поаѓајќи од наведената дефиниција во ЗСКСИ, Државната комисија има посебна улога во спречувањето и борбата против корупцијата спроведувајќи ги своите надлежностите во однос на детектирање на појавите и случаите на корупција, нивно соодветно процесирање, применувајќи ги превентивните и репресивните расположливи законски механизми, а со цел да го подобри нормативниот амбиент во земјата, да ја зајакне меѓу институционалната соработка, да ја зголеми јавната свест за важноста на превенцијата и борбата против корупцијата и нејзино препознавање и да ги вклучи сите субјекти во општеството во совладувањето на ова општествено зло.

ДКСК по сопствена иницијатива, информации од медиуми (допрен глас) или поднесени пријави од граѓани, правни субјекти, граѓански организации отвора и постапува по предмети со сомнеж од корупција. Согласно член 23 од ЗСКСИ, за целосно утврдување на фактичката состојба, ДКСК бара податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица, при што одговорното лице во надлежната институција или од него овластено лице потребно е да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето на ДКСК. Законските одредби кои предвидуваат високи парични казни за одговорните лица во институциите, или од нив овластени лица за ненавремено или не доставување на бараната документација[1], ѝ овозможија на ДКСК навремено стекнување со релевантна и поткрепувачка документација за утврдување на фактичката состојба, потврдување на основаноста или отфрлање на наводите содржани во пријавите и преземање на конкретни дејствија, односно поднесување на иницијативи за постапување до надлежни органи или упатување препораки и укажувања до надлежните државни институции.

Исто како и претходните години и во 2021 година ДКСК доби голем број пријави со сомнеж од корупција или сомнежи за незаконски дејствија од страна на службени и одговорни лица во јавниот сектор. Состојбата на примени пријави е прикажана во Табела 6.

[1] Член 100 „Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во надлежната институција или на од него овластено лице кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Комисијата најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето"

Табела 6: Преглед на примени пријави и оформени предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | | |
|---|---|---|---|
| | 2021 | 2020 | 2019 |
| Сопствена иницијатива | 16 | 12 | 23 |
| Пријави од граѓани | 583 | 406 | 687 |
| **Вкупно:** | **599** | **418** | **710** |

Во однос на постапувањата по овие пријави ДКСК донесе одлуки по 390 предмети прикажани во Табела 7.

Табела 7: Состојба на постапувања по предмети

| **Постапувања на ДКСК** | 2021 | 2020 |
|---|---|---|
| Број на решени предмети | **404** | 378 |
| Донесени Заклучоци *за припојување на предмети (исти наводи); пренесено за постапување во друга организациона единица* | 14 | - |
| **Донесени одлуки** | **390** | **378** |
| o *Отфрлени пријави – ненадлежност за постапување или нема доволно елементи за постапување* | 162 | 116 |
| o *Пријавата се доставува на други органи на надлежно постапување* | 6 | 6 |
| o *Запирање на постапката – наводите не се потврдени* | 222 | 256 |
| **Предмети по кои се преземани конкретни мерки** | **12** | **13** |
| Поднесени иницијативи до ОЈО | **7** | 2 |
| - *Прифатени иницијативи* | - | - |
| - *Отфрлени иницијативи* | - | 1 |
| - *Постапувањето е во тек* | 7 | 1 |
| **Иницијатива до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица** | **5** | **11** |
| ➢ *Прифатени иницијативи* | 1 | 4 |
| ➢ *Отфрлени инцијативи* | 2 | 4 |
| ➢ *Постапувањето на институциите сеуште е во тек* | 2 | 3 |
| **Други иницијативи произлезени од предмети** - *Оцена на иницијативи* | 1 | 2 |
| **Доставени препораки за преземање на конкретни мерки до институции** | **3** | **3** |
| **Укажувања** | **2** | - |

Одлуките за отфрлање на пријавите поради ненадлежност за постапување на ДКСК во најголем број се однесуваат за пријави поврзани со донесени судски пресуди како од основните така и од повисоките судови. При тоа наводите најчесто се незадоволство од донесените одлуки: плаќање казна, глоба, забелешки на водењето на самиот процес, за постапки кои сеуште се водат пред други повисоки судови, без индиции за корупртивни активности. ДКСК нема надлежност да

цени дали судските постапки се водени согласно материјалните и процесните закони и дали при носењето на судската одлука е постапено врз основа на материјалните докази. Дел од овие пријави ДКСК ги доставува до Судски Совет на Република Северна Македонија на нивно надлежно постапување доколку има сомнежи за нестручно и несовесно постапување на судии.

Бројот на донесени одлуки за запирање на постапките – 222 се резултат на постапувањата на ДКСК по пријави за кои од соодветни институции се обезбедени потребните докази за утврдување на фактичката состојба по искажаните наводи. По анализа на прибраните документи, во дел од пријавите ДКСК го запира своето постапување поради непотврдени наводи. За преостанатиот дел, ДКСК не е во состојба да преземе мерки за запирање на појавата, казнување на одговорни лица, или покренување на постапка пред надлежните судови пред се поради одредбите во материјалните закони. Коруптивните состојби исто како и во претходните години, се препознаени во постапките за вработувања во јавниот сектор, во областа на урбанизмот и просторно планирање: изградба на објекти според ДУП-ови кои не се усогласени со ГУП, не спроведување на мерки за рушење на нелегално изградени објекти, непостоење на критериуми при распределба на одредени буџетски средства , располагање со државен имот.

Во текот на 2021 година ДКСК имаше извонредна соработка со сите инспекциски служби, и во зависност од нивната надлежност, ДКСК побара а инспекторатите извршија увид и доставија записници за утврдени состојби по конкретни пријави. Врз основа на записниците ДКСК донесе одлуки по голем број пријави. Сепак, и во нивните записници констатирани се состојби по кои и тие не се во можност да интервенираат поради недоречености во материјалните закони.

### *Поднесени иницијативи до Основно јавно обвинителство*

Во насока на исполнување на надлежноста за поведување постапки за кривично гонење врз основа на обезбедени докази за основи за сомневање за сторено кривично дело, ДКСК покрена иницијативи до надлежните јавни обвинителства за седум предмети по кои постапуваше. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните обвинителства се прикажани во **Прилог 1** кон овој Извештај.

### *Поднесени иницијативи до надлежните институции за утврдување одговорност на раководни и службени лица*

ДКСК поднесе иницијативи пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица, врз основа на обезбедените докази во пет предмети по кои постапуваше. Основот за поднесување на овие иницијативи, спроведените активности како и одговорот на надлежните институции се прикажани во **Прилог 2** кон овој Извештај.

### *Други иницијативи произлезени од предмети*

Во врска со предметот со наводи за постапување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги при формирањето на СИЗ - Комитет за мерење на публиката во Република Македонија, ДКСК до Уставен Суд на РСМ достави Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на Упатството за начинот на мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија („Службен весник на Р.М." бр. 198/2014 и 219/2015). Од анализа на Упатството за начинот на

мерење на гледаноста и слушаноста на Програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите во Република Македонија, ДКСК утврди дека со истото се повредуваат одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и алинеја 7, член 51 и член 55 од Уставот на РСМ, како и членовите 4, 5, 6, 37 став 5 и 39 став 2 алинеја 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21).

ДКСК поднесе иницијатива за оценување на уставноста со посебен предлог за издавање на времена мерка до Уставен суд на Република Северна Македонија за Предлог на Законот за утврдување на јавен интерес и номинирање на стратешки партнер за имплементација на проектот за изградба на инфраструктурниот коридор 8, по однос на која Уставен суд не поведе постапка за оценување на уставноста на овој Предлог закон.

***Дадени препораки и укажувања***

Постапувајќи по три конкретни предмети, ДКСК препозна состојби кои можат да создадат ризик од корупција, нарушување на принципите на доброто владеење, владеење на правото и личниот и институционален интегритет и угледот на институциите при вршењето на јавните овластувања. Оттаму со цел да се обезбеди доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции, односно обезбедување на непристрасно и чесно однесување на службените и одговорните лица во институциите, ДКСК упати препораки и укажувања до надлежните институции за преземање на конкретни дејствија за надминување на констатираните состојби:

До Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија дадена е препорака за укинување на т.н. балансер при вработувањето државни и административни службеници, од причина што ДКСК во "балансерот" лоцира правна празнина по однос на непостоењето законски механизам за санкционирање на очигледни злоупотреби при изразувањето национална припадност од страна на кандидатите за вработување.

Постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, за сомнежи за злоупотреба при издавање и користење на ваучери на националните спортски федерации, спортски клубови, спортисти и други правни лица, како и за сомневање за незаконски дејствија преземени од лица вклучени во реализација на доделување на ваучери во спортот, ДКСК упати препораки за надминување на констатираните ризици и неправилности до:

- Државниот завод за ревизија и барање за вршење финансиска ревизија на Агенцијата за млади и спорт и продолжена ревизија на Националните спортски федерации што добиле најголем износ на средства за користењето на ваучери;
- Агенцијата за млади и спорт: да ја пропише формата и содржината на Извештаите за Националните спортски федерации и правните лица; формата и содржината на извештајот на Агенцијата за млади и спорт за користење на ваучери и други средства од кои се финансира спортот, што ќе се доставува до Владата и Министерството за финансии; од редот на вработените во Агенцијата, да се овластат државни службеници кои поседуваат лиценца да вршат инспекција/надзор во однос на спроведување на законски решенија за доделувањето на ваучери;

- Министерството за правда и Агенцијата за млади и спорт: да се преиспита системот на финансирање со користење на ваучери со цел изнаоѓање на законско решение со кое ќе се зајакнат критериумите за рангирање на корисниците на средствата, истите да се доделуваат со склучување на договор со Агенцијата, а врз основа на приложени план и програма за работа од страна на корисниците; да се изврши соодветен инспекциски надзор над работењето на Централната комисија за евалуација на предлог - листата за последните две години; да се преиспита законското решение во однос на изборот на членовите на Централна комисија за евалуација на предлог - листата.

До Народниот правобранител на РСМ упатено е укажување за исполнувањето на обврските кои произлегуваат од Законот за укажувачите по однос на заштитеното внатрешно пријавување за да се именува лице за прием на пријави од укажувачи во оваа институција, како и за исполнувањето на други законски обврски кои произлегуваат од констатирани наоди при инспекциски надзори извршени од страна на трудовиот и управниот инспекторат.

### 3.3. *Постапување во случаи на судир на интереси*

**Член 72 од ЗСКСИ**

(1) ***Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.***

(2) ***Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.***

Зголемената сензибилност на јавноста во однос на ова прашање придонесе за зголемен број пријави на сите облици на судир меѓу јавниот и приватниот интерес што е најмногу изразено при вработувањата во јавниот сектор како што се непотизам, кронизам, клиентелизам, политичко и партиско влијание. Во Табела 8 прикажани се состојбите во однос на примени пријави со наводи за постоење на судир на интереси во последните три години.

Табела 8: Примени пријави и евидентирани предмети

| **Оформени предмети** | **Број на евидентирани предмети** | | |
|---|---|---|---|
| | **2021** | **2020** | **2019** |
| Сопствена иницијатива | 17 | 6 | 66 |
| Пријави од граѓани | 89 | 80 | 364 |
| **Вкупно:** | **106** | **86** | **430** |

Во однос на постапувањата по пријавите од областа на судирот на интереси, ДКСК донесе одлуки по 152 предмети прикажани во Табела 9.

Табела 9: Постапувања од областа на судир на интереси

| Постапувања на ДКСК | 2021 г | 2020 г |
|---|---|---|
| Предмети со наводи за судир на интереси | 106 | 86 |
| Донесени одлуки | 152 | 157 |
| **Констатирана состојба на судир на интереси** | **-** | **8** |
| - Постапено по препораки на ДСКС за отстранување на судир на интереси | - | 6 |
| - Постапувањето на лицата е во тек | - | 2 |
| **Поднесени иницијативи за одговорност на службени лица поради постоење на судир на интереси** | **2** | **7** |
| - Прифатени иницијативи | 1 | 4 |
| - Постапувањето на институциите е во тек | 1 | 3 |
| **Поднесени иницијативи за разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси** | **-** | **2** |
| - Прифатени иницијативи | - | 1 |
| - Постапувањето на институциите е во тек | - | 1 |
| Доставени укажувања до други институции за постапување по потврдени наводи за постоење судир на интереси | - | 6 |
| **Доставени иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на одговорни службени лица** | **1** | - |
| - Прифатени иницијативи | - | - |
| - Отфрлени иницијативи | 1 | - |
| **Изречена јавна опомена** | **1** | - |
| Поднесени прекршочни платни налози за непостапување по утврдените состојби на судир на интереси | 32 | 20 |
| Поднесено барање на прекршочна постапка поради неплаќање на платни налози | 4 | 5 |
| Доставени барања за мислење | *85* | 47 |

Постојаните укажувања на ДКСК дека службените лица во своето работење мора да внимаваат на судирот на интереси и да избегнуваат такви состојби се причина за зголемениот број на барања за Мислења доставени до ДКСК во 2021 година -85. Тоа говори дека меѓу службените лица зголемена е перцепцијата за потенцијален судир на интереси при одредени постапувања и ја искористиле можноста предвидена со член 72 став 3 да достават до ДКСК барање за мислење. По сите доставени 85 барања ДКСК издаде мислења.

***Иницијативи за поведување постапка пред надлежни органи за лица поради постоење на судир на интереси***

Предметите по кои ДКСК работеше во областа на судирот на интереси во најголем дел се однесуваа на постоење на судир меѓу јавниот и приватниот интерес на избрано и именувано лице кое учествувало во постапка за вработување на блиски лица, без при тоа да бидат земени во предвид забраните и обврските за изземање предвидени со член 72, 74 и 75 од ЗСКСИ. Во два предмети ДКСК констатира постоење на судир на интереси и до надлежните институции достави

иницијативи за утврдување одговорност на пријавените лица. По една иницијатива е постапено и спроведена дисциплинска постапка, а за другата иницијатива не се доставени повратни информации.

Исто така доставена е иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на две одговорни службени лица - градоначалник и секретар на општина затоа што како одговорни лица не преземале дејствие и ставање во мирување на работен однос на вработен кој е избран за член на Совет на општината. Од страна на ОЈО Скопје беше донесено решение со кое се отфрли оваа иницијатива за кривично гонење бидејќи пријавените дела не се кривични дела кои се гонат по службена должност.

Иницијативите и постапувањата на институциите по нив се прикажани во **Прилог 3.**

ДКСК изрече мерка Јавна опомена на еден претседател на советот на општина затоа што не постапи согласно со член 77 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, односно не ја отстранил состојбата на судир на интереси во која се наоѓа, поради тоа што покрај адвокатската дејност истовремено извршува и функција претседател на Советот на општината, што е спротивно на член 44 став 1 од Законот, а во врска со член 20 и член 24 став 1 од Законот за адвокатура. Јавната опомена беше објавена на веб страницата на ДКСК и во средствата за јавно информирање.

### *Проверка на изјавите за судир на интереси*

Ексклузивна надлежност на ДКСК е евидентирање, следење и проверка на изјавите за имот и интереси. Согласно ЗСКСИ, секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето, должно е до ДКСК да поднесе изјава за имотната состојба и интереси. Изјавата за интереси за него и за членовите на неговото семејство содржи информација за работни места и членство во управни одбори, членство во здруженија и фондации и други податоци во образец –Изјава кој го пропишува ДКСК, правни лица основани од избраното лице или членови на неговото семејство.

Во 2021 година бројот на поднесени изјави во однос на 2020 година е тројно зголемен и се должи на спроведените локални избори, односно изборот на нови градоначалници и советници во единиците на локална самоуправа.

Состојбата со поднесени Изјави за судир на интереси е прикажана во Табела 10.

Табела 10: Поднесени изјави за судир на интереси

| Година | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| Број на поднесени изјави | 1411 | 480 | 849 |

### *Отстранување на состојба на судир на интереси*

Во текот на 2021 година од поднесените 1411 образци изјави за интереси извршена е редовна проверка на 376 изјави за интереси што претставува 27%. Од редовната проверка констатирано е прекршување на забраните од ЗСКСИ по што по сопствена иницијатива отворени се 17 постапки

против службени лица. Останатите обрасци ќе се проверуваат континуирано во текот на 2022 година.

### 3.4.Следење на законитоста на финансирањето на изборни кампањи

Финансирањето на политичките партии и изборните кампањи од секогаш претставувало сфера на влијанија, притисоци, злоупотреби на положби и функции за изборна победа и освојување на власт. Имајќи ги во предвид неправилностите од спроведените изборите во претходните циклуси манифестирани преку влијанија, притисоци, обид за поткуп на избирачи, користење на противправни и анонимни извори на финансирање, злоупотреби на буџетски средства и други ресурси на државните институции за партиски и изборни цели, Канцеларијата за демократски институции и човекови права на организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ/ОДИХР), неколку години наназад дава препораки за зајакнување на институционалните капацитети на државата за ефикасен мониторинг и контрола како над самиот изборен процес, така и за финансирањето на политичките партии и на изборните кампањи.

Во ЗСКСИ предвидени се надлежности, активности и рокови за постапување на ДКСК во однос на следење на политичките партии и изборните кампањи:

***Член 31:*** *Во случај на постоење на сомневање за* ***незаконито финансирање на политичка партија,*** *ДКСК по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување може да донесе решение за отпочнување постапка за испитување на финансирањето на политичка партија.*
***Член 32:*** *Во случај на постоење на* ***сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања,*** *ДКСК по сопствена иницијатива или по приговор од организатор на изборна кампања или акредитирани набљудувачи поведува постапка за утврдување на фактичката состојба.*
***Член 33****: ДКСК е надлежна* ***да ја следи законитоста на користењето****, односно располагањето* ***со буџетските средства*** *од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.*
***Член 35:*** *Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на* ***изборите користеле средства противправно или од анонимни извори****, ДКСК ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на изворот на средства и до неа да достават детален извештај за користењето на средствата.*

И во текот на 2021 година, исто како и претходните две години, ДКСК спроведе мониторинг на финансирање на изборната кампања на учесниците во Локалните избори-2021.

Како континуитет на промените на Изборниот законик непосредно пред распишувањето на изборите, и оваа година Собранието на РСМ усвои измени.

ДКСК изврши анализа на сите измени на Изборниот законик од донесувањето на основниот текст објавен во Службен весник на РМ број 40/06 од 31.3.2006 година, па сѐ до септември 2021 година, при што 32 пати е интервенирано во законот, од кои 22 се измени и дополнувања на законот, четири измени се врз основа на одлуки на Уставниот суд, двапати измените се однесуваат на пролонгирање на роковите за одржување избори и четирипати се извршени номотехнички

корекции на одредени членови. Најголем број на промени претрпеле одредбите со кои се регулира спроведувањето на изборната кампања, односно одредбите за начинот на рекламирање, финансирање и известување - 14 пати, а потоа одредбите со кои се дефинираат органите за спроведување на изборите, начинот на нивната работа, изборот на членовите на ДИК -12 пати.

Што се однесува до анализа на времето на извршените измени во Изборниот законик, во однос на датумот на објавување на решенијата за распишување избори и во однос на датумот на нивно одржување, утврдените состојби укажуваат дека во последните 10 години, измените се вршат непосредно пред донесувањето на решението за распишување на изборите, без разлика за кои избори станува збор (парламентарни, претседателски или локални), додека за последните одржани Локални избори 2021, измените беа направени 41 ден по донесувањето решение за распишување на изборите од страна на Претседателот на Собранието на РСМ.

Извештаите што ОБСЕ/ОДИХР ги издава по секој изборен процес редовно содржат препорака дека измените во Изборниот законик треба да бидат направени најмалку шест месеци пред почетокот на изборите, заради нивно навремено објавување, а со цел да се остави доволно време на сите засегнати страни (политички партии, државни органи, институции, радиодифузери...) да ги анализираат обврските, да се организираат и соодветно да ги применат правилата за време на изборниот процес.

Во однос на тоа кои одредби најчесто биле опфатени со измените направени непосредно пред распишување на изборите, скоро секогаш предмет на измени се одредбите од глава III. Органи за спроведување на изборите: членови од 17до 40 - седумпати и глава IV. Изборна кампања: членови од 69-а до 87 – седумпати.

Ваквата практика создава несигурност и неизвесност во постапувањето на засегнатите страни во изборниот процес и остава сомнеж во јавноста дека политичките партии и покрај спротивните политички идеологии, секогаш имаат ист став и заеднички интерес кога постои можност измените да овозможат поволни извори за финансирање на изборната кампања, подобра позиција и позитивен исход од изборите.

За направените измени во десетгодишниот период, не е одржана ниту една јавна расправа по однос на понудените решенија.

Заради зајакнување на изборниот процес, на 22 септември 2021 година, пет дена пред започнувањето на изборната кампања, ДКСК преку интернет-платформа организираше јавна дебата на тема „Локални избори 2021 - Интегритет на изборниот процес и интегритет на учесниците.". Покрај бројните учесници, на дебатата беа поканети шест политички партии (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, Алијанса на Албанците и Алтернатива, ДПА, Левица, неколку независни кандидати). Со интернет-конекција беа присутни претставници на три партии, но ниту еден од нив не покажа интерес и не се вклучи во расправата.

По објавувањето на Решението за распишување на Локалните избори 2021, ДКСК презема активности со цел организација на минималните ресурси со кои располага (човечки, технички) заради воспоставување ефикасен мониторинг на законитоста на финансирањето на изборната кампања:

- На веб страната објави Соопштение со објаснување на законските ограничувања за сите државни органи и институции за време на изборниот процес;
- се изврши ажурирање на Регистарот на возила на државни органи, органи на локалната самоуправа, јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал;

- го објави образецот: Пријава за сомневања за постоење незаконитости и прекршувања во изборниот процес;
- воспостави соработка со институции во насока на побрза размена и проверка на податоци и информации поврзани со финансирање на изборната кампања (Министерството за труд и социјална политика на РСМ, Агенцијата за вработување, Управа за јавни приходи, КИБС, ДЗР);
- со финансиска поддршка од ИФЕС за теренско набљудување на активностите на политичките партии беа ангажирани 17 набљудувачи кои опфатија околу 40 општини, како и ангажирање на три аналитичари за селектирање, поврзување, анализа и обработка на податоците од набљудувачите и извештаите доставени од учесниците во изборната кампања.

Обемот на активности на ДКСК за време на овие избори беше зголемен поради фактот што со член 33 од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик (Сл. Весник на РСМ бр. 42/20), се изврши измена на член 83 од истиот закон кој се однесува на измени на начинот на финансирање на изборната кампања. Имено, за првпат, за овие избори беше дозволено изборната кампања да се финансира и од средствата што политичките партии ги добиваат од Буџетот на Република Северна Македонија, наменети за своето редовно работење. ДКСК спроведе дополнителни активности за проверка и потврдување на износите што политичките партии ги искористиле за финансирање на своите изборни активности. Како резултат на овие истражувања и проверки, ДКСК ги утврди следниве состојби:

- парламентарните партии и коалициите предводени од нив, финансирањето на изборната кампања го вршат со буџетски средства, односно од планираните средства за платено политичко рекламирање и од средствата добиени од Буџетот на РСМ, наменети за редовното работење на партиите;
- донациите од правни и физички лица се доминантни извори за финансирање на независните кандидати, како и на партиите кои немаат доволно средства од Буџетот на РСМ.

Во Графикон 4 прикажана е структурата на приходите на учесниците во изборната кампања кои имаат освоено градоначалнички и/или советнички места во зависност од нивните извори.




Графикон 4

Заради проверка на висината на обезбедените средства за финансирање на изборната кампања во зависност од нивните извори, ДКСК имаше обврска да обезбеди информации и податоци за:

- Висината на добиените донации и податоци за правни и физички лица, донатори на сметката за редовно работење за 2020 и 2021 година, во согласност со регистарот на донации;
- Средствата што Министерството за правда ги има трансферирано на сметките за редовно работење на политичките партии, во согласност со членовите 9 и 10 од Законот за финансирање на политичките партии;[2] и
- Податоци за остварени приходи и расходи од годишните финансиски извештаи за 2020 година.

Проверката на овие податоци ДКСК ја спроведе преку пребарување на веб страните на политичките партии и увид во годишните финансиски извештаи, а кои согласно Законот за финансирање на политичките партии, мора да бидат објавени на нивните веб страни:

- Во 2020 година, за 59 партии се одобрени средства за редовно работење, а исплатени се средства на 49 партии во износ од 211.754.305 денари, вклучувајќи ги и средствата за ПИАЦ (3.426.445 евра);

[2] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/2020). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 174/2005 од 8.3.2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2006.

- Во 2021 година, за 57 партии се одобрени средства за редовно работење, а исплатени се средства на 45 партии во износ од 200.688.157 денари, вклучувајќи ги и средствата за ПИАЦ (3.247.381 евра);
- За време на одржување на Локалните избори-2021, 31 од партиите имаат интернет-страница, од кои:
  - Седум од нив во целост ги имаат исполнето обврските за известување и ги имаат објавено извештаите за примени донации и годишните извештаи;
  - Три партии делумно ги имаат објавено извештаите;
  - 18 партии немаат објавено никакви извештаи; а
  - На три партии интернет-страниците не се активни.

Овие состојби укажуваат дека политичките партии кои секои избори се борат за да добијат поголем број претставници во Парламентот или во општинските совети или градоначалници, со цел доминација во располагањето со буџетски средства, креирање на политики, носење на закони или одлуки, први не ги почитуваат обврските што сами ги носат и ги усвојуваат. Ова покажува на голема нетранспарентност на политичките партии кон јавноста. На овој начин, на јавноста ѝ е скратена можноста за навремено информирање со колку средства располагаат партиите, од каде ги обезбедуваат средствата за своето работење, и што е најважно, за што партиите ги трошат средствата на граѓаните.

Од увидот во Извештаите за примените донации од објавените извештаи и за примените донации во 2020 и во 2021 година, како и од уплатените донации директно на трансакциската сметка, кај дел од учесниците констатирани се следниве состојби:

- Кај еден независен кандидат за градоначалник:
  - 11 донатори, невработени лица, уплатиле 629.800 денари;
  - За 54 уплати во износ од 1.834.895 денари не постојат податоци за лицата кои ги уплатиле;
  - 48 донатори уплатиле 4.224.450 денари во поединечни износи за кои постои сомневање дека нивните месечни примања не овозможуваат толку високи уплати;
- Кај една коалиција:
  - 18 донатори уплатиле 1.686.643 денари во поединечни износи за кои постои сомневање дека нивните месечни примања не овозможуваат такви уплати;
  - 4 донатори, невработени лица, уплатиле 244.000 денари;
- Една партија остварила приходи во износ од 12.000 денари кои потекнуваат од средствата за ПИАЦ;
- Во ист период, неколку физички лица се јавуваат како донатори на редовната сметка на една политичка партија, но и на изборната сметка на кандидат за градоначалник. Вкупниот износ на уплатени донации е во рамки на законски дозволениот, но постои основано сомневање за нивната финансиска способност.

За овие констатирани состојби, ДКСК презема дополнителни активности во однос на проверка за кредибилитетот на донаторот, односно дали донаторот има редовен работен однос како извор да донира и дали донираните износи потекнуваат од расположливи средства на донаторите, и до надлежни институции достави барање за нивно надлежно постапување. Од нивна страна бевме информирани дека според нивните истражувања, дел од наводите се потврдуваат, дел сѐ уште се проверуваат, а по целосната проверка на податоците ќе следи доставување на соодветна иницијатива до јавното обвинителство. Средствата за платено

политичко рекламирање од Буџетот на РСМ кои се потрошени за време на Локалните избори-2021 се прикажани во Табела 11.

Табела 11: Исплатени средства за платено политичко рекламирање во денари

| Учесници во Локални избори 2021 | Радиодифузери | Интернет-портали и печатени медиуми | Вкупно исплатени средства |
|---|---|---|---|
| | со ддв | со ддв | |
| Коалиција „Најдоброто за мојата општина“ | 76.263.563 | 8.208.341 | 84.471.904 |
| ДУИ | 56.276.583 | 13.840.386 | 70.116.969 |
| Коалиција „Одлучно за промени“ | 68.939.760 | 18.884.478 | 87.824.238 |
| Алијанса за Албанците и Алтернатива | 42.336.498 | 13.844.611 | 56.181.109 |
| Коалиција „Одлучно за промени“ | 4.586.566 | 503.310 | 5.089.876 |
| ЛЕВИЦА | 4.477.449 | 795.328 | 5.272.777 |
| ДПА | 1.036.723 | 531.260 | 1.567.983 |
| ДВИЖЕЊЕ БЕСА | 4.915.996 | 907.999 | 5.823.995 |
| **Вкупно:** | **258.833.138** | **57.515.713** | **316.348.851** |
| **3 % средства во согласност со член 76-д, став 5, ал. 4** | | | **6.755.109** |

Од проверка на податоците што учесниците во кампањата ги имаат презентирано во финансиските извештаи, како и од податоците на ДИК, утврдивме дека исплатени се средства кон портали на Здружение на граѓани (zase.mk), кои во согласност со Закон за здруженија се непрофитни организации. Исто така, извршена е исплата кон порталот time.mk, кој не е медиум, туку е агрегатор на вести. Ова се должи на фактот што во РСМ не постои регулатива за уредување на порталите како медиуми, и што ниту во Изборниот законик, во отсуство на lex-specialis, не се утврдени критериуми (сопственичка структура или формат на медиум) кои можат да бидат регистрирани медиуми за платено политичко рекламирање во ДИК. Ова се должи на нерегулираната сфера на рекламирање преку портали во Изборниот законик.

Од извршената анализа на расходите презентирани во извештаите, ги констатиравме следниве состојби:

- ДУИ има неплатени обврски во износ од 4.031.920 денари; наведено е дека направените трошоци се само за реклама и пропаганда и банкарски провизии иако беше видно нивното дејствување на терен, а од страна на набљудувачите евидентирани се поставки на бини, користење простории за партиски штабови, реклами преку Фејсбук во износ од 12.065 евра, кои како расходи не се воопшто презентирани;
- Интегра има неплатени обврски во износ од 457.699 денари;
- Кандидатот Данела Арсовска за рекламирање преку Фејсбук, од сопствени средства има потрошено 201.405 денари (3.265 евра), кои не се пријавени во финансиските извештаи, ниту како донации ниту како расходи. Исто така, трошоците во износ од 249.502 денари пријавени во четвртиот извештај, не се прикажани како расходи во вкупниот извештај;
- Само неколку учесници во кампањата имаат пријавено локации на партиски штабови.

Што се однесува до рекламирањето преку платформата Facebook, од анализата на објавените реклами за време на изборниот процес утврдивме состојби прикажани во Табела 12:

Табела 12:Рекламирање преку facebook платформа

| Партија | Платено во евра |
|---|---:|
| ВМРО | 53.998 |
| СДСМ - сите општински комитети | 24.676 |
| БЕСА | 3.990 |
| Алијанса и Алтернатива | 4.044 |
| ГРОМ | 882 |
| Арбен Шаќири | 313 |
| Данела Арсовска | 3.265 |
| Левица | 13.292 |
| ДУИ | 12.065 |
| Одлучно за промени | 1.846 |
| ДПА | 727 |
| Единствена Македонија | 2.911 |
| Интегра | 4.431 |
| Максим Димитриевски | 6.435 |

Овие податоци се добиени врз основа на политичката припадност на лицето кое е означено дека извршило плаќање на рекламирањето. Изборниот законик не го регулира начинот на рекламирање за време на изборната кампања во оваа сфера, иако во последниве години, платформата Facebook ефективно се користи како алатка за масовно влијание над гласачкото тело. Општ впечаток е дека кандидатите за градоначалници за помалите општини самостојно ги финансирале постовите, додека за поголемите општини за партиите СДСМ и ВМРО, трошокот е на товар на општинската организација.

Во текот на изборниот период, кој траеше од 6.8.2021 година до 7.11.2021 година, ДКСК оформи 54 предмети по наводи за незаконски постапувања на одговорни лица во институции и повреда на членовите 8-а и 8-б, став 1 од Изборниот законик, и одредбите од член 34 од ЗСКСИ, од кои:

- 3 по основа на поднесени приговори од организатори на изборна кампања;
- 6 се отворени по сопствена иницијатива на ДКСК по допрен глас од медиуми; и
- 45 се по основа на пријави доставени од познати и непознати пријавувачи.

### *Приговори организатори на изборна кампања*

Подносителите на овие приговори се политички партии кои пријавуваат прекршување на одредбите од Изборниот законик поради состојби кои произлегуваат од недоречености на самите одредби, а кои недоречености и сами ги користат. Приговорите се однесуваат на:

- Наводи за користење на поголем временски простор за платено политичко рекламирање на независен кандидат за градоначалник кај радиодифузерите, иако одредбите на членот 75-ѓ, став 12, алинеја 4 за распределба на времето за платено политичко рекламирање, предвидува *„најмногу 3 % од рекламниот простор може да се даде на политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати“*. Кон ова придонесува и фактот што три дена пред започнување на изборната кампања, Агенцијата за аудио визуелни и медиумски услуги донесе Упатството за платено политичко

рекламирање за Локалните избори 2021 година бр. 01-3487/1 од 24.9.2021 година, каде во точка 5 е наведено: *„подносители на листи кои јавно декларираат поддршка на кандидати од група избирачи за општините и за градот Скопје, а во кои немаат свои кандидати, можат дел од своето закупено време за ППР да користат за рекламирање на овие кандидати, притоа јасно означувајќи дека тие се нарачатели на рекламирањето, а не кандидатите што ги поддржуваат."* Нотираниот правен вакуум во Изборниот законик по однос на неуреденото отстапување на дел од закупеното време за платено политичко рекламирање од учесник во изборна кампања на независен кандидат по јавно декларирана поддршка, поради нејасна правна основа, како и непрецизно дефинирано дискрециско овластување за донесување подзаконски акти, претставува преседан во начинот на уредување на платеното политичко рекламирање од страна на ААВМУ преку донесеното упатство. Во Изборниот законик не е пропишано уредување на ова прашање со посебен акт, а уште повеќе што ниту Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[3] ѝ дава такво право на ААВМУ. На овој начин, законски се генерираат состојби и ризици од корупција.

- Наводи за рекламирање преку билборди со закуп на поголем број во однос на она што е предвидено се член 78-а, став 4 од Изборниот законик за распределба на локациите за рекламирање преку билборди кој предвидува ист принцип на распределба меѓу парламентарните партии и кандидати како и претходно објаснето. Решението од став 7, каде се вели: *„Доколку некоја политичка партија, коалиција или независен кандидат не го искористи вкупниот процент за закуп на рекламни паноа и билборди или извлечените локации, останатите политички партии и независни кандидати имаат право на закуп на истите"*, без притоа да прецизира дали неискористените локации може да се користат само меѓу партиите од позицијата, или само меѓу партиите од опозицијата, или само меѓу другите кандидати. Исто и за оваа поделба не се предвидени подзаконски акти за пропишување појасни критериуми и начин за распределба.
- Наводи дека Владата на РСМ, на 111-тата седница одржана на ден 13.10.2021 година, со донесување на 160 одлуки за давање согласност на договор за доделување финансиска поддршка на 160 правни лица врз основа на Законот за финансиска поддршка на инвестиции врши изборна манипулација, злоупотреба на службената положба и изборен поткуп. ДКСК утврди дека по донесените одлуки не се извршени исплати во време на изборниот период, поради што нема повреда на член 8-а од Изборниот законик.

ДКСК констатира дека поради не доволно, односно непрецизно регулираниот начин на распределба на просторот за рекламирање преку радиодифузери и билборди, самите законски одредби претставуваат коруптивен ризик за уцени меѓу политичките партнери за меѓусебни отстапки, ветување поволности, поделба на функции и слично со што започнува кругот на политичка корупција. ДКСК донесе одлуки за отфрлање на пријавите.

***Постапување по сопствена иницијатива на ДКСК***

[3] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/2020 и 77/2021);

(1) За време на изборна кампања, радиодифузерите се должни да ги почитуваат прописите со кои се регулираат изборите во Република Македонија.

(2) Агенцијата врши активности поврзани со изборите во Република Македонија во согласност со прописите со кои се регулираат изборите во Република Македонија.

За време на изборниот процес, ДКСК редовно ги следеше објавите и написите во медиумите и објавите на социјалните мрежи кои се однесуваа на носење одлуки од државните органи и институции, активностите и постапувањата на високите функционери, партиски личности за време на изборните активности на нивните партии, а во кои се препознава ризик од злоупотреба на функција или можност од коруптивно однесување. Врз основа на тие написи по допрен глас, ДКСК оформи шест предмети по сопствена иницијатива. По спроведена постапка и обезбедена документација:

- Од постапувањето по еден предмет, ДКСК достави Иницијатива до Претседателот на Владата на РСМ и член на Владата одговорен за спроведување на Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од Владата за поведување постапка за утврдување одговорност за функционери поради прекршување на член 13, став 2 од наведениот Кодекс;
- За три предмети донесени се одлуки за запирање на постапките, бидејќи не содржат елементи за повреда на забраните предвидени со членовите 8-а, 8-б, став 1 од Изборниот законик и член 34 од ЗСКСИ;
- За два предмети постапувањето е во тек.

### *Постапување по пријави доставени од познати и непознати пријавувачи*

Во периодот од распишување на изборите па до денот на гласање во вториот круг, 6.8.2021 – 31.10.2021 година, до ДКСК беа доставени 45 пријави од познати и анонимни пријавители со наводи за изборни нерегуларности од кои:

- 18 пријави се со наводи за сомневања за вработувања во изборен процес;
- 10 пријави се со наводи за неправилности или предвремени активности при водењето на изборната кампања;
- Пет пријави се со наводи за започнување или изведување градежни активности;
- Пет пријави се со наводи за злоупотреба на буџетски средства за потреби на изборни активности;
- Три пријави се со наводи за активности кои можат да се сметаат за поткуп;
- Две пријави се однесуваат на проблеми со доставени кандидатури;
- Една пријава е за објава на огласи за вработувања; и
- Една пријава е со нејасни и конфузни наводи.

По проценка на ризикот од можни повреди на забраните предвидени со членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, како и членот 34 од ЗСКСИ, ДКСК започна со проверка на наводите и утврдување на состојбите при што:

1. Донесени се 34 одлуки од кои:
   - 14 одлуки се однесуваат за отфрлање пријави поради:
     - Ненадлежност на ДКСК: пет одлуки;
     - Нејасни наводи: две одлуки; и
     - Наводите не упатуваат на повреда на 8-а, 8-б, став 1 од Изборниот законик: седум одлуки;
   - 20 одлуки се однесуваат за запирање на постапувањето:
     - Со две одлуки се покренаа Иницијативи за утврдување одговорност за службени лица до повисок орган поради констатирани повреди на ИЗ;

   - Една одлука се однесува на покренување Иницијатива за поведување кривична постапка против кандидат за градоначалник поради прекинување работен однос на друго лице;
   - Една одлука за непреземање натамошни мерки поради промена на фактичка ситуација – оставка на функционер; и
   - Наводите не упатуваат на повреда на 8-а, 8-б став1 од Изборниот законик: 16 одлуки.
2. Постапувањето по три пријави се спроведува по член 23 од ЗСКСИ поради постоење други елементи кои укажуваат на повреда на ЗСКСИ; и
3. За осум пријави постапувањето е во тек.

Сите донесени одлуки се објавени на веб страната на ДКСК.

Согласно член 36 од законот, ДКСК до Собранието на Република Северна Македонија во февруари 2022 година достави Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања за Локалните избори-2021 година. Извештајот е достапен на веб страната на ДКСК[4].

Покрај претходно нотираните состојби, во Извештајот дадени се анализи, утврдени слабости и коруптивни ризици кои произлегуваат од нејасни или недоречености во законската регулатива и имаат влијание на изборниот процес, утврдени во членовите 8-а, Медиумско претставување- член 75-ѓ , Рекламирање преку паноа и билборди- член 78-а, Финансирање на изборите- член 83, Известување за време на изборна кампања членови 84 –б и 85, надлежни институции и казнени одредби. Дадени се препораки за надминување на состојбите меѓу кои овде би ги спомнале:

- одредбите од глава VI. Изборна кампања, членовите од 69-а до 87 да се исклучат од Изборниот законик и да се инкорпорираат во Законот за финансирање на политичките партии.
- редефинирање на забраните од член 8-а, како и можноста за нивно разграничување во зависност од изборите (претседателски, парламентарни, локални)
- Номинирање на ДКСК за институција за надзор над редовните и изборните активности на политичките партии со законски механизми за тековен мониторинг и со механизми за санкционирање, казнување и со обезбедени ресурси,

### 3.5. *Евидентирање и следење на имотната состојба*

***Член 17 од ЗСКСИ: Надлежности на ДКСК***

(10) Ја евидентира и следи имотната состојба и интересите во постапка согласно со овој закон;
(11) Пропишува образец на изјавите за имотната состојба и интересите;
(12) Врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите;
(13) Соработува со други државни органи во обезбедување на потребните информации;

[4] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2022/02/%D0%9F%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-7.2.2022.pdf

Овие надлежности треба да се реализираат со прибирање, евидентирање и анализирање на податоците од образецот – Изјава за имотна состојба и судир на интереси кој треба да биде електронски достапен и поднесен. Периодот за донесување на новиот образец – Изјава за имотна состојба и судир на интереси, е 60 дена од денот на конституирањето на составот на ДКСК, односно 08.04.2019 година (член 119 од ЗСКСКИ). До тогаш во примена ќе бидат старите акти[5].

Иако образецот - Изјава за имотна состојба и судир на интереси ДКСК го пропиша во законскиот рок, во отсуство на апликативен софтвер за негово електронско поднесување и во 2021 година ДКСК не беше во можност да го имплементира. Проблемите кои произлегоа околу обезбедување на потребните средства за реализација на софтверско решение, неможноста преку јавна набавка да се спроведе постапка за избор на економски оператор за изработка на лиценцирано софтверското решение без при тоа да се ограничи конкурентноста, беа причина ДКСК да побара реализацијата на софтверот да се изврши од донатори. Препознавајќи ја проактивната улога на ДКСК во борбата со корупцијата и знаејќи ги нејзините ограничени ресурси, во Октомври 2021 година Европската комисија ги обезбеди потребните средства и избра ИТ компанија која започна со креирање на ова софтверско решение. Се очекува целосната имплементација на овој софтвер да започне од 2023 година.

Поради наведените состојби и околности, податоците за имотната состојба, избраните и именуваните лица се уште ги поднесуваат обрасците пропишани со старите законски решенија. Нотарите и извршителите се уште не доставуваат податоци за својата имотна состојба и интереси пред се поради тоа што согласно преодните одредби на ЗСКСИ, оваа обврска треба да ја исполнат согласно ново пропишаниот образец.

Во текот на 2021 година до ДКСК се доставени вкупно 2006 обрасци за имотна состојба прикажани во Табела 13.

Табела 13: Преглед на поднесени анкетни листови

| Основ за поднесување на обрасци | 2021 година | 2020 година | 2019 година |
|---|---|---|---|
| Анкетни листови по избор/именување на функција | 908 | 607 | 1004 |
| Анкетни листови по престанок на функција | 600 | 439 | 479 |
| Обрасци за промена на имотна состојба | 498 | 473 | 524 |
| **Вкупно** | **2006** | **1519** | **2007** |

Зголемениот број на доставени обрасци во 2021 година во однос на 2020 година се должи на голем број нови избрани лица и лица на кои им престанала функцијата како резултат на одржаните редовни Локални избори – 2021.

ДКСК континуирано ги обработува ново поднесените анкетни листови и ги ажурира податоците за промена на имотната состојба, така што на својата WEB страница (www.dksk.org.mk) во 2021 година се објавени податоци од анкетни листови за 7758 избрани и именувани лица.

[5] Член 119 став 2 од ЗСКСИ: До донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон, ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија" број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15).

## 3.6. *Проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интереси*

Државната комисија е надлежна да врши проверка на податоците од Изјавата за имотната состојба и интересите, во случаи кога постапува по конкретен предмет (член 92 од ЗСКСИ), како и врз основа на годишен план за следење на имотната состојба и судир на интересите (член 19 од ЗСКСИ). Во јануари 2021 година беше усвоен Годишен план за следење на имотна состојба и судир на интереси со кој беше предвидена проверка на податоците за имотната состојба и судирот од следните категории функционери:

- 14 градоначалници на општините во РСМ и градоначалникот на Град Скопје;
- 13 судии од сите судови на територија на РСМ, претседателот на Управен суд и претседателот на Виш Управен суд и
- 15 членови на Владата на РСМ.

Постапките за горенаведените предмети се во тек.

За реализација на планираните проверки, ДКСК обезбедува информации и податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Управата за јавни приходи и Централниот регистар на Република Северна Македонија. Доколку се утврди потреба, ДКСК обезбедува информации и податоци од финансиските институции во Република Северна Македонија. При обезбедувањето на информации и податоци, освен од Централниот регистар на РСМ и од Агенцијата за катастар на недвижности во чиј дистрибутивен систем ДКСК има непосреден електронски пристап, податоците од останатите институции се прибираат во печатена форма што го отежнува и забавува процесот на проверка на податоците од поднесените анкетни листови.

Во текот на 2021 година ДКСК започна со системска проверка дали избраните и именуваните лица постапиле согласно законските обврски и во рок од 30 дена од нивно именување, односно разрешување доставиле Изјава за имотната состојба и интересите. Ефектот од постапувањето на ДКСК во периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година е прикажан во Табела 14.

Табела 14: Преглед за спроведена проверка на поднесени анкетни листови од службени лица

| Основ за постапување | 2021 година | | | 2020 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно | Сопствена иницијатива | По пријави | Вкупно |
| Не поднесување/не навремено поднесување на анкетни листови/обрасци за промена на имотна состојба - член 82 или 85 | 753 | 29 | 782 | 35 | 12 | 47 |
| Проверка на податоци од анкетни листови – член 92 | 8 | 22 | 30 | 6 | 20 | 26 |
| Годишен план за следење на имотната состојба и интереси за 2021 година | 45 | - | 45 | 42 | / | 42 |
| **Вкупно:** | **806** | **51** | **857** | **83** | **32** | **115** |

По спроведената административна проверка на дел од доставените изјави ДКСК:

- издаде 86 прекршочни платни налози, од кои 85 се однесуваат за неподнесување или ненавремено поднесување на Изјавата согласно член 82 од ЗСКСИ, а 1 прекршочен платен налог е издаден за непријавување на зголемување на имотот, согласно член 85 од Законот,
- Во истиот период до Прекршочната комисија на ДКСК поднесени се 29 барања за поведување прекршочна постапка поради неплатена глоба.

За 91 предмети донесени се одлуки за запирање на постапката поради неутврдени разлики меѓу податоците пријавени во Изјавата и податоците обезбедени од други институции. По еден предмет поднесена е инцијатива до ОЈО за надлежно постапување поради сомневање за непријавен имот , а за останатите предмети, проверката на податоците е во тек.

### 3.7. *Регистар на избрани и именувани лица*

ДКСК води Регистар на избрани и именувани лица како единствена база на податоци за избрани или именувани лица, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на РСМ, претседателот на Собранието на РСМ, потпретседателите на Собранието на РСМ, претседателот на Владата на РСМ, замениците на претседателот на Владата на РСМ, министрите и генералниот секретар на Владата на РСМ, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето (член 89 од ЗСКСИ).

Регистарот се ажурира на дневна основа со податоците што овластени лица од институциите кои имаат надлежност да вршат избори и именувања ги доставуваат до ДКСК и тоа во рок од 15 дена од нивниот избор, именување, односно престанок на функцијата.

Од воспоставувањето на регистарот[6] до 31 декември 2021 година, внесени се податоци за 10.811 актуелни и поранешни избрани и именувани лица. Ова не ја претставува точната бројка на избрани и именувани лица поради фактот што голем број институции кои вршат именување и разрешување не ја исполнуваат обврската за известување кон ДКСК. Од таа причина ДКСК не располага со реални и точни податоци за бројот на избрани и именувани лица, дали истите сеуште активно ја извршуваат функцијата или им престанал мандатот, дали е извршен реизбор и слично.

Ажурноста на Регистарот на избрани и именувани лица е од огромна важност за ДКСК заради остварување на другите надлежности поврзани со евидентирањето и следењето на имотната состојба и интересите и проверка на податоците од изјавите за интереси.

### 3.8. *Водење на прекршочни постапки*

Со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК има зголемени и зајакнати надлежности во спречувањето и корупцијата и судирот на интереси, но и механизми за санкционирање на избраните, именуваните и службените лица во случаи на постапување спротивно на законските одредби. Согласно член 114 за утврдените прекршувања на одредбите од ЗСКСИ, прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во ДКСК која се бира од редот на овластени службени лица во Секретаријатот со

[6] Регистарот е воспоставен во 2016 година

соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

Прекршочна постапка се води согласно Законот за прекршоците и пред поднесување на барање за поведување на постапката, се спроведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Овластените службени лица водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на поведените постапки. Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува Државната комисија. Во Табела 15 се прикажани податоците за активностите на Прекршочната комисија во 2021 година.

Табела 15: Постапувања на прекршочна комисија во 2021 година

| Основ за прекршочна постапка | 31.12.2021 | 31.12.2020 |
|---|---|---|
| Неподнесување/ненавремено поднесување на Изјава за имотната состојба и непријавување на зголемување на имот членови 82 и 85 од ЗСКСИ | 87 | 80 |
| Ненавремено доставување на барани документи; Кумулација на функции; Непријавување на судир на интереси | 35 | 16 |
| ***Вкупно издадени платни налози*** | ***122*** | ***96*** |
| Платени глоби | 82 | 44 |
| **Наплатени глоби во Буџет на РСМ во денари** | **1.035.334** | **472.005** |
| Поведени прекршочни постапки | 44 | 22 |
| - Изречена санкција - глоба | 24 | 3 |
| - Изречена санкција - опомена | 1 | - |
| - Ослободување од одговорност | 10 | - |
| - Повторено барање за поведување постапка со порамнување | 7 | 3 |
| - Запирање на прекршочна постапка по барање на ДКСК | 1 | - |
| - Отфрлено барање | 1 | 4 |
| - Поднесени жалби до второстепена комисија | - | 3 |
| - Поднесени тужби до Управен суд | 4 | - |

По основа на донесени решенија од прекршочната комисија за изрекување на прекршочна санкција-глоба изречени се глоби во вкупна вредност од 520.610 денари.

## 3.9. *Антикорупциска проверка на закони и подзаконски акти*

Антикорупциската проверка на легислативата - АПЛ како клучна алатка за превенција на корупцијата се применува во голем број земји. АПЛ е нова надлежност на ДКСК утврдена со ЗСКСИ и препознаена како силна превентивна мерка. Од аспект на оваа со закон утврдена надлежност, ДКСК во посебна постапка, со посебен ангажман, обврска и експертиза, го изразува своето мислење за сите нацрт текстови на закони во подготовка кои се доставуваат до ДКСК заради добивање на мислење, со што се придонесува кон навремено пресретнување и

превенирање на сите евентуални точки на ранливост и ризик од корупција и судир на интереси во правните норми.

Важноста од АПЛ е препознаена и вградена и во член 68 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија[7]:

*„Министерствата и другите органи на државната управа материјалите што и ги доставуваат на Владата за разгледување, утврдување, односно донесување, претходно им ги доставуваат на мислење на надлежните, на соодветните и на заинтересираните органи на државната управа и на други државни органи во зависност од природата на материјалот што се разгледува, а* ***задолжително на****: ....* ***Државната комисија за спречување на корупцијата****, сите предлози на закони кои подлежат на проценка на влијанието на регулативата.* ***Материјалите по кои не е прибавено мислење, нема да се разгледуваат на седница на работните тела и на Владата****.“*

Спроведувањето на проверките се врши врз основа на Методологија за антикорупциска проверка на легислативата донесена од страна на ДКСК во 2016 година, а која во текот на 2020 година во соработка со Транспаренси Интернешнал Македонија беше ревидирана и надоградена. Целта на Методологијата е да се обезбеди непосредно, ефикасно и ефективно спроведување на оваа надлежност преку:

- дефинирање на процесот на антикорупциска проверка на легислативата и резултатите од процесот на спроведување;
- определување на опфатот или предметот на антикорупциската проверка;
- дефинирање на ризиците од корупција и судир на интереси;
- прецизирање на содржината на Извештајот;
- организација и управување со процесот и
- дефинирање на улогата и задачите на секој од учесниците во процесот.

Во текот на 2021 година за побрзо препознавање и утврдување на одредби кои содржат ризици од корупција или судир на интереси, развиено и инсталирано е софтверско решение за АПЛ со кое се очекува да се забрза односно олесни процесот на антикорупциска проверка на легислативата.

Во рамки на своите надлежности, по доставени барања од надлежни органи, но и по сопствена иницијатива ДКСК во 2021 година започна со антикорупциска проверка на следните закони:

- Закон за здравствената заштита - конкретно на член 155-6 и член 163;
- Закон за детска градинка конкретно за категориите за работните места и начинот за унапредување;
- Закон за судски совет и

[7] Службен весник на Република Македонија бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16 и 153/16)

- Закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба.
- Законот за возила определени одредби од член 64, член 66 и член 66-а и определени одредби на Правилникот за технички преглед на возила и Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање овластување за вршење на работи на технички преглед, на возила, потребната пропратна документација и висината на трошоците во постапката;
- Законот за работните односи (член 36 и член 121);
- Законот за игрите на среќа и за забавните игри конкретно одредбите за регулирање на исплатата во готовина;
- Законот за ревизија и подзаконските акти кои произлегуваат од него, и
- одредби на Законот за судска служба и подзаконските акти со кои се уредува вработувањето на судските службеници.
-

Исто така, ДКСК по барања од надлежни институции даде мислења за:
- Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните претпријатија;
- Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи;
- Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција;
- Известување за Предлог на Законот за ревизија, со кое се укажува на поголем број на слабости во предлог текстот и
- Предложените одредби во врска со Електронската евиденција на возила од Предлогот на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, за кој што предлог закон ДКСК укажа дека не била консултирана при изготвувањето на конкретните прелог измени на законот.

Во периодот септември - октомври 2021 година, ДКСК даде забелешки и одржа работни средби со МИОА за разгледување на дадените забелешки на новите предлог решенија за:
- Законот за висока раководна служба,
- Законот за вработени во јавниот сектор и
- Законот за административни службеници.

### 3.10. *Анализи за ризици од корупција во различни сектори*

Со член 17 став 1 точка 17 од ЗСКСИ, ДКСК има надлежност да подготвува анализи за ризици од корупција во различни сектори. Оваа надлежност, со своите скромни ресурси, ДКСК започна да ја реализира во 2019 година, со поддршка од неколку меѓународни организации и институции, преку кои беа ангажирани повеќе експерти со цел утврдување ризици од коруптивни елементи и постоење на судир на интереси во законската регулатива во неколку области. Ефектите од нивното ангажирање започна да покажува резултати кон крајот на 2020 година и во текот на 2021 година.

***Во сферата на вработувањето***, со проектот *„Ранливост на законската регулатива во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам"* во реализација на Транспаренси Интернешнл- Македонија извршена е анализа на законската регулатива на 31 закон и подзаконски акти и во октомври 2021

година беше објавен Финален извештај "*Проценка на ранливост од корупција во политиките и постапките за вработување, со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам*" кој е објавен на веб страната на ДКСК[8] и е доставен до Влада на РСМ како орган за координација на активностите на институциите задолжени за реализација на дадените препораки, мерки и активности. Дадените препораки се во насока на промена на одредени законски решенија.

Изработени се четири квартални извештаи од мониторингот на имплементација на препораките од извештајот за проценка на ранливост од корупција при процедурите за вработување во јавниот сектор. Сите четири извештаи заклучно со последниот за периодот јули – септември 2021 година се објавени на веб страната на ДКСК.

Во табела 16 прикажана е состојбата со реализацијата на дадените препораки.

[8] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2020/12/%D0%A4%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98.pdf

Преглед на статус на спроведени препораки произлезени од проектот

*„Ранливост на законската регулатива во однос на корупција, проценка на практиките и процедурите за вработување со посебен фокус на непотизам, кронизам и клиентелизам"*

*Табела 16*

| Група препораки | Број на препораки | Надлежни институции | I квартал Октомври-декември 2020 | II квартал јануари – март 2021 | III квартал април – јуни 2021 | IV квартал јули – септември 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Препораки за подобрување на постапки за пополнување на работни места, преку постапка за вработување, постапка за унапредување и мобилност на вработените во јавниот сектор | 13 | МИОА, Агенција за администрација, Министерство за финансии и останати институции дел од јавниот сектор | 74% делумно спроведени 26% не спроведени | 79% делумно спроведени 21% не спроведени | 84% делумно спроведени 16% не спроведени | 90% делумно спроведени 5% не спроведени |
| Препораки за стручност и компетентност на кадрите во јавната администрација | 4 | МИОА, МОН, АА Државен Управен инспекторат, Академија за стручно усовршување и останати институции дел од јавниот сектор | 25% делумно спроведени 75% не спроведени; | 50% делумно спроведени 50% не спроведени | 50% делумно спроведени 50% не спроведени | 50% делумно спроведени 50% не спроведени |
| Препораки за избор и именување на директори и членови на управни и надзорни одбори | 4 | Владата, Собрание и МИОА | 50% делумно спроведени 50% не спроведени | 50% делумно спроведени 50% не спроведени | 50% делумно спроведени 50% не спроведени | 50% делумно спроведени 50% не спроведени |
| Препораки за контролни механизми | 13 | МИОА, ДКСК, АА, Државен Управен инспекторат, Владата, АСПИЈК и останати институции дел од јавниот сектор | 15% делумно спроведени 85% не спроведени | 31% делумно спроведени 69% не спроведени | 38% делумно спроведени 62% не спроведени | 62% делумно спроведени 38% не спроведени |

Постои видлив исчекор во однос на имплементација на дадените препораки. Голем дел од предложените закони се објавени на ЕНЕР во наведениот период, но од причина што истите сеуште не се донесени, степенот на реализација на препораките и во овој период останува низок. Не е востановена соодветна координираност помеѓу институциите во однос на следење на спроведувањето на препораките и обезбедување на податоците, односно не е утврдено до која институција се доставуваат материјалите кои се однесуваат на спроведувањето на препораките.

ДКСК во рамките на своите капацитети ќе продолжи понатаму да ја следи имплементацијата на препораките од извештајот.

***Во сферата на урбанизмот***, со финансиска поддршка на ЦЕП – УСАИД, Транспарентност Интернешнл Македонија го спроведе проектот *„Проценка на ранливоста кон корупција во државните институции и власти за просторно планирање, урбанизам и градежништво“*, преку анализа на правната рамка во областите на просторното планирање, урбанизмот и градежништвото. Анализата е изработена во текот на месец октомври 2021 година, а Извештајот е објавен на веб страната[9] на ДКСК. Како причини за утврдените состојби се:

- Недоволна синхронизираност на законите, нетранспарентност во работата на локалната власт, не постои контрола над работењето на општините, маргинализација на граѓанскиот сектор.
- Недоволна застапеност на јавна расправа и недоволна транспарентност при изготвување на подзаконски акти, многу промени и дополнувања на законите како и создадени правни празнини, преку носење на правилници кои сами по себе претставуваат опасност од корупција.
- Недоволна транспарентност, постои недефинираност на постапките за изработка и донесување на урбанистичките планови;
- Недоволна ангажираност на Инспекциските служби и потреба од јакнење на нивните капацитети како на централно така и на локално ниво. Казните не се строги, а треба да постојат и одредби со кои ќе биде дефинирана причинетата штета.
- Високо ниво на дискрециони овластувања во локалната самоуправа, ревизијата на целокупното финансиско работење не се прави непристрасно и професионално.
- Недоволна заштита на животната средина: фокусот на локалната власт е урбанизација и носење на ДУП, без да се внимава на зелените површини.
- Постојат повеќе закони и подзаконски акти со кои се регулира иста или слична материја, но законските норми се неусогласени и доаѓа до судир на законите.

Со финансиска поддршка на Фондација Отворено општество – Македонија, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“– беше спроведен проектот *„Набљудување во ризични области од корупција - животна средина,“* преку антикорупциска проверка на Законот за животната средина. Извештајот е изработен во текот на месец декември 2021 година и е објавен на веб страната на ДКСК [10].

[9] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/12/analiza-na-pravnata-ramka-vo-oblastite-na-prostornoto-planira%D1%9Ae-urbanizmot-i-gradezhnishtvoto-so-mozhni-riziczi-od-korupczi%D1%98a-i-metodologi%D1%98a-za-slede%D1%9Ae-na-preporakite.pdf

[10] https://dksk.mk/wp-content/uploads/2021/12/analiza-na-pravnata-ramka-vo-oblastite-na-prostornoto-planira%D1%9Ae-urbanizmot-i-gradezhnishtvoto-so-mozhni-riziczi-od-korupczi%D1%98a-i-metodologi%D1%98a-za-slede%D1%9Ae-na-preporakite.pdfhttps://dksk.mk/%D0%B0%D0%BD%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%81%D0%BA%D0%B0-

Дел од заклучоците и препораките од антикорупциската проверка се однесуваат на:

- непрецизни дефиниции, вклучување на повеќе субјекти во одлучувањето и споделени надлежности, издавање на дозволи, дискрециски овластувања, финансирање, избор и разрешување на директори, инспекциски надзор;
- постоење на големи дискрециони овластувања на скоро сите постапки, барања, начин и услови на добивање дозволи, како и рокови, кои се уредуваат со целосна дискрециона слобода на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, кој има диспозиција истите поблиску и подетално да ги определи;
- постоење на голема слобода на министерот во поглед на креирање на начинот на одвивање на постапките, формата на барањата и начинот на издавање на дозволи, наплаќање на надоместоци и воопшто регулирање на целосните постапки предвидени во законот, како и донесување на одлуки во постапките, што во суштина е главниот ризик од корупција и судир на интереси детектиран во овој закон;
- недоволно прецизни одредби кои се однесуваат на обврските на останатите државни органи и единиците на локалната самоуправа, како и на критериумите и стандардите до кои треба да се придржуваат при спроведувањето на инфраструктурни проекти, особено оние поврзани со урбанистичкото планирање, како и изградбата на централи за производство на енергија;
- потреба од зајакнување на инспекцискиот и другиот надзор над спроведувањето на законот, со цел ефикасна примена на истиот и заштита и унапредување на животната средина, и
- потреба од јасно прецизирање во кои случаи засегнатите страни можат да поведат судски спор.

Во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање предложени се измени и дополнувања на законодавството за заштита на животната средина во насока на подобрување националната законска рамка и спречување на корупцијата.

Дел од погоре детектираните состојби веќе беа препознаени како состојби со ризик од корупција и судир на интереси кои ДКСК ги опфати со Националната стратегија и за кои се предложени мерки, активности и рокови за нивно надминување.

### 3.11. *Активности поврзани едукација и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси*

Со член 17 став 1 точка 19 од ЗСКСИ, ДКСК има надлежност да презема активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси. Во текот на 2021 година преку кампањи и јавни дебати ДКСК го подигна нивото на свеста кај јавноста за постоењето на слаб или недоволен интегритет кај службените лица и институциите од јавниот сектор при носењето одлуки кои се од големо значење за сите нас, како граѓани.

<u>*Проект: "Антикорупциска едукација на учениците во средните училишта"*</u>

%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B2%D0%B5%D1%80%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BB%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%81%D0%BB%D0%B0%D1%82/

Во првата половина од 2021 година заврши проектот *"Антикорупциска едукација на учениците од средните училишта"*, започнат во 2019 година. И покрај социјалното дистанцирање и учењето на далечина, проектот успеа да едуцира и безбедно да вклучи повеќе од 600 средношколци ширум земјата на тема борба против корупцијата. Пилот-предавањата генерираа позитивно влијание врз подобрувањето на општите знаења на учениците за антикорупција и градењето на личниот интегритет. Учениците учествуваа и во анкета за мерење на нивните знаења и перцепции за корупцијата, пред и по следењето на пилот-предавањата, а наодите од истражувањето беа доставени до Министерството за образование и наука како иницијатива за воведување антикорупциска содржина во сите нивоа на формалното образование за што Министерството искажа позитивен став.
Проектот беше реализиран од страна на Граѓанската организација Институт за демократија – ИДСЦС, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Во јуни 2021 година започна процес на *едукација и во единиците на локалната самоуправа* со обуки за спроведување на системот на интегритет на носителите на јавните функции за нивните обврски за имплементација на системот на интегритет и примената на Законот за заштита на укажувачите во нивните институции. Со цел ефикасно спроведување на системот за интегритет, ДКСК започна со обезбедување/назначување на лице за интегритет. До крајот на 2021 година, 60 општини номинираа лица за интегритет и ја потпишаа Политиката на интегритет, која како суштинскиот документ во форма на изјава претставува водилка за подобрување на институционалниот интегритет на ниво на општините.

Процесот на учење е континуиран процес што треба да се реализира на подолг рок. За таа цел ДКСК во текот на 2021 година изработи „Политика на интегритет за државните органи и институции од јавен сектор", за да може процесот на едукација за спроведување на системот на интегритет да го планира и насочи и кон институциите од централната власт, паралелно со единиците на локалната самоуправа. Документите кои се продуцирани во оваа насока се објавени на веб страната на ДКСК[11].

Во текот на јуни 2021 година, како дел од активностите на проектот ИПА II "Промовирање на транспарентноста и одговорноста во јавната администрација", ДКСК организираше серија онлајн обуки за подигнување на степенот на примена на Законот за заштита на укажувачите. Овие обуки придонесоа за зајакнување на свеста и перцепцијата за важноста на заштитеното пријавување како еден од најважните механизми за борбата против корупцијата. Обуките беа поделени во повеќе сесии: обуки за лица овластени за прием на пријави од укажувачи (за внатрешно и надворешно заштитено пријавување), како и посебни обуки за јавната администрација со цел унапредување на нивното знаење.

Процесот на проценка на ризиците од корупција и судир на интереси е важен предуслов за исполнување на елементите од системот на интегритет. Во рамките на проектот и активностите за јакнење на системот на интегритет, ДКСК изработи „Методологија за проценка на ризици од институционална корупција" со која институциите ќе треба да ги идентификуваат и оценат ризиците од корупција и истите редовно да ги проценуваат и следат. Беше одржана обука за

[11] https://dksk.mk/%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%B8%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B8%D0%BD%D1%82%D0%B5%D0%B3%D1%80%D0%B8%D1%82%D0%B5%D1%82-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D1%80%D0%B6%D0%B0%D0%B2%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%BE/

вработените во ДКСК, а во иднина ќе следи и обука и за вработените во другите институции од причина што знаењето што ќе се добие преку овој процес на едукација е пресуден за квалитетно спроведување на системот на интегритет.

### *Организирање на јавни дебати*

Следејќи ги реакциите на јавноста, медиумите, граѓанските здруженија специјализирани во конкретни области во однос на состојбите кои се препознаени како причина за загрозување или повреда на уставно загарантираните права за неповредливост на правото на лична сопственост, на правото на чист воздух, на правото на правична судска заштита, кои што права граѓаните се потешко ги остваруваат поради лошите законски решенија и спрегата меѓу политиката и бизнисот, ДКСК во текот на 2021 година организираше неколку јавни дебати:

- Јавна дебата на тема "Уредување на правниот статус на бесправно изградените објекти", одржана на 25 Мај 2021;
- Јавна дебата на тема "Истражувања и анкети за состојбите во правосудството", одржана на 15 јули 2021;
- Јавна дебата „Локални избори 2021 – Интегритет на изборниот процес и интегритет на учесниците", одржана на 22 Септември 2021 година;
- Јавна дебата – "Состојбите во животната средина – управување со отпад", одржана на ден 04 ноември 2021 година;

Во месец декември ДКСК започна активности за организација на уште две јавни дебати за расправа на законската регулатива во областа на високото образование и во областа на урбанистичко планирање, кои се реализираа во декември 2022 година.

На јавните дебати беа поканети и активно учествуваа признаени експерти од конкретната област, универзитетски професори, министри и директори на институции од конкретниот ресор, граѓански здруженија, новинари и други заинтересирани страни. Како резултат на овие дебати дефинирани се заклучоци и доставени се до ресорните министерства како критични точки што треба да се земат во предвид и надминат при креирањето на нови или измена на постоечките законски решенија.

### *Кампања за интегритет*

Водењето на кампањи е добра алатка за опфат на одредена целна група упатување на јасни пораки со што истовремено се запознава и пошироката јавност.

Кампањата за интегритет е уште една активност реализирана од ДКСК во рамките на ИПА 2 проектот „Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација. Комуникациската стратегијата изработена во 2020 година со цел спроведување на Кампања за интегритет ги опфаќа следните целни групи:

- Пошироката јавност - лица од сите етнички групи, религии, националности, пол, возраст, образование, вработени и невработени, со други зборови, комуникација што може да биде широко распространета и разбирлива за секого;
- Претставници на медиумите - новинари, уредници и сопственици на медиуми, со посебно внимание на истражувачките новинари и медиуми; с

- Студенти и млади - ученици во основно образование, средни училишта, со посебен акцент на универзитетските студенти, како идни креатори на политиките, идни бизнисмени, идни експерти, научници, уметници и идни активни чинители во општеството;
- Носители на јавни одлуки и креатори на политики, како и вработени во јавниот сектор во: Владата, министерствата, владините институции, државни компании, агенции, институции, локална самоуправа - општини, компании во сопственост на општините, како и во судовите. Комуникациските активности, индиректно ќе се однесуваат на државните службеници;
- Граѓански сектор: Невладини институции - особено оние кои што се занимаваат со антикорупција, транспарентност и човекови права, т.е. граѓански организации, организации, кои дистрибуираат средства преку различни национални и меѓународни програми.

Со оваа кампања беа спроведени низа активности кои дадоа директни резултати:

- Редовно објавување на пораки на каналите на социјалните медиуми за важноста на интегритетот и етиката со цел едукација на генералната публика и општата јавност.
- Запознавање на најмалите за важноста на личниот интегритет и укажувањето преку интерактивна игра организирана во Зоолошката градина во Скопје, под наслов „Викенд на "Врапчето" во Зоолошката градина во Скопје", а на присутните родителите беа споделени информативни флаери за укажување и за тоа каде можат да пријават злоупотреба или корупција.
- Промоција на вредностите од Кодексот на административни службеници, во вид на изјави за универзални вредности за уредување на вршењето на јавни должности, доволно флексибилни за да се применуваат во сите домени на политиките, институционалните средини и индивидуалните одговорности. Како дел од системот на интегритет, ДКСК за оваа активност подготви посебен предметен материјал.
- Организирање на јавна дебата на тема „Интегритет во високото образование – поттикнување на борбата против корупцијата".

## 3.12. *Примена на Законот за заштита на укажувачи – ЗЗУ*

Почитувајќи ги начелата на законитост, транспарентност, отчетност и одговорност, исполнувајќи го одредбите на член 15 став (2) од Законот за заштита на укажувачи[12], ДКСК во рамките на овој Извештај, трета година по ред го презентира Годишниот извештај за примени пријави од укажувачи во 2021 година како составен дел од Годишниот извештај за работа на ДКСК за 2021 година.

Со Законот за заштита на укажувачите (во натамошниот текст ЗЗУ), се воведе системот на заштита со цел да го поттикне и охрабри пријавувањето, односно да се воспостави систем за пријавување т.е. откривање на разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Во овој Извештај е прикажана состојбата со преземените активности поврзани со имплементацијата на ЗЗУ и подзаконските акти од страна на ДКСК и останатите институции од јавниот сектор од започнувањето на примената на ЗЗУ заклучно со 31 декември 2021 година.

[12] Службен весник на Република Македонија број 196/2015, 35/18

### *Законска регулатива*

Законот за заштита на укажувачите е донесен на 9.11.2015 година и започна да се применува од 18.03.2016 година. За негова имплементација беа донесени подзаконски акти[13], со кои се уреди начинот на постапување во врска со заштитеното внатрешно и надворешно пријавување во институциите од јавниот и приватниот сектор. Примената на подзаконските акти коишто произлегуваат од него започна заедно со Законот на 18.03.2016 година.

### *Постапување на ДКСК во имплементација на ЗЗУ*

Постапувајќи согласно надлежности утврдени во ЗЗУ и во подзаконските акти коишто произлегуваат од него, ДКСК презеде конкретни активности за воспоставување на систем на заштита на укажувачите, така што почнувајќи од април 2016 година, беше назначено овластено лице за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување согласно пропишаните услови. Усвоена е внатрешна процедура за начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно и заштитено надворешно пријавување, која е објавена на веб страницата на ДКСК.

Во периодот од почеток на примената на ЗЗУ и подзаконските акти кои произлегуваат од него, до Собранието на Република Северна Македонија доставени се Годишни извештаи за примени пријави од укажувачи и тоа за годините 2016, 2019 и 2020 објавени на веб страната на ДКСК, (последните два извештаи се содржани во Годишниот извештај за работа на ДКСК). За 2017 и 2018 година не се доставени Годишни извешти до Собранието на РСМ поради не функционалност на ДКСК.

### *Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи*

Со Законот за заштита на укажувачи, во членовите 4 и 5, институциите и правните лица од приватниот сектор се должни да назначат овластени лица за прием на пријави од укажувачи за заштитено внатрешно пријавување, кои што пак имаат обврска до ДКСК да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи.

> ***Член 15 од Законот за заштита на укажувачи*:**
> „Овластените, односно раководните лица на институциите, односно правните лица во јавниот сектор до кои се пријавува согласно со членовите 4 и 5 од овој закон, се должни до Државната комисија за спречување на корупцијата да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи“.

Започнувајќи од 18 март 2016 година институциите од јавниот и приватниот сектор до ДКСК доставуваат известувања за назначени овластени лица за прием на пријави од укажувачи во овие институции со нивните контакт податоци. Согласно обврските предвидени со член 17 став 1 точка 21 од ЗСКСИ, а врз основа на добиените податоци од институциите, ДКСК воспостави Регистар на овластените лица за прием на пријави од укажувачи кој редовно се ажурира. Во Табела 16 прикажани се бројот на институции кои постапиле согласно ЗЗУ.

---

[13] Правилник за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор; Правилник за заштитено надворешно пријавување и Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор.

Табела 16: Број на институции и овластени лица по ЗЗУ

| Година | Број на институции | Број на институции со овластени лица | Број на овластени лица | Во % |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 1324 | 113 | 115 | 8,5% |
| 2021 | 1324 | 178 | 179 | 13,44% |

Во март 2021 година Владата на РСМ донесе План за борба против корупцијата -"Акција 21" , каде во точката 9 -Назначување на овластено лице за прием на пријави од укажувачи, сите органи на државната управа беа задолжени, на институциите кои немаат статус на орган на државна управа им се укажа, а на единиците на локалната самоуправа им препорача да назначат овластено лице за прием на пријави од укажувачи за воспоставување заштитено внатрешно пријавување согласно Законот за заштита на укажувачите и информациите да ги објават на нивните веб страни.

Од увидот на веб страниците на институциите се забележува дека поголем број од нив постапиле по насоките на Владата и воспоставиле систем на заштитено внатрешно пријавување[14], но не ја исполниле обврската за известајност кон ДКСК, односно не доставиле Известување за овластеното лице со неговите контакт податоци, поради што Регистарот на овластени лица кој редовно се ажурира во ДКСК, содржи податоци за мал број институции што е видно и од Табелата 16.

### *Известување за примени пријави од укажувачи*

Институциите во јавниот сектор имаат обврска да доставуваат полугодишни извештаи за прием на пријави од укажувачи, кои треба да содржат општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави, согласно членот 15 од ЗЗУ. Иако обврската за доставување на полугодишни извештаи не се однесува на субјектите од приватниот сектор, забележливо е дека одреден број од нив, самоиницијативно доставуваат полугодишни извештаи. Во Табела 17 прикажан е бројот на доставени извештаи до ДКСК по години.

Табела 17: Доставени полугодишни извештаи до ДКСК

| Година | *Период* | *Институции од јавен сектор* | *Правни лица од приватен сектор* | *Вкупно* | *Институции кои примиле пријави* | *Поднесени пријави* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2020 | 01.01-30.06 | 54 | 6 | 60 | 5 | 10 |
| | 01.07-31.12 | 66 | 7 | 73 | 3 | 11 |
| 2021 | 01.01-30.06 | 75 | 8 | 83 | 4 | 25 |
| | 01.07-31.12 | 75 | 7 | 82 | 3 | 19 |

Споредбата на податоците за доставените извештаи со податоците од Регистарот, укажуваат дека иако повеќе од институциите имаат воспоставено систем на заштитено внатрешно

[14] Назначено е овластено лице за прием на пријави од укажувачи, објавени се контакт податоци за овластените лица за прием на пријави од укажувачи, објавени се интерни процедури за заштитено внатрешно пријавување

пријавување, не ја исполниле обврска за доставување полугодишен извештај до ДКСК од причина што немаат примено пријави од укажувачи.

Потребно е да се констатира дека во последните години, 2020 и 2021 година, неколку институции континуирано известуваат дека до нив се доставуваат пријави од укажувачи преку каналот на заштитено внатрешно пријавување, што говори за фактот дека граѓаните се охрабруваат и сознанијата/сомневањата за незаконско однесување ги пријавуваат во институциите што значи чекор напред во прифаќање и користење на овој инструмент како солиден начин на прибирање на информации и соодветна реакција за пријавените неправилности од страна на институциите. Со тоа се постигнува и целта на самиот инструмент –заштитено пријавување, односно обезбедување на системска заштита на укажувачите кои се охрабруваат да пријават неправилности во работењето на институциите.

Малиот број на доставени полугодишни извештаи во 2021 година говори дека институциите не се доволно посветени на исполнување на своите обврски предвидени со ЗЗУ и подзаконските акти кои произлегуваат од него.

### *Анализа на примени полугодишни извештаи*

Во доставените полугодишни извештаи за првата половина од 2021 година, четири (4) институции известија дека овластените лица во тие институции примиле вкупно 25 пријави од укажувачи по кои биле преземени дејствија и мерки согласно Законот за заштита на укажувачите и подзаконските акти.

Во втората половина од 2021 година, три (3) институции известија дека примиле 19 пријави од укажувачи и постапиле согласно Законот.

Споредено со претходните години, податоците од 2021 година говорат дека постои мало подобрување во примената на ЗЗУ во однос на заштитено внатрешно пријавување. Поаѓајќи од фактот дека ЗЗУ познава два главни канали на заштитено пријавување, заштитено внатрешно пријавување (во сите институции од јавниот сектор) и заштитено надворешно пријавување (МВР, надлежното јавно обвинителство, ДКСК, МВР, Народен правобранител), зголемувањето на бројот на поднесени пријави преку каналот на внатрешно пријавување покажува дека има охрабрување кај граѓаните за користење на оваа можност за пријавување на сомнежи за сторени незаконитости или неправилности во работењето на јавните институции, што претставува мал чекор напред во имплементација на ЗЗУ.

Од страна на институциите кои во рамките на внатрешното пријавување примиле пријави од укажувачи, известено е дека постапиле согласно законот, спроведени се конкретни дејствија во насока на проверка на наводите во пријавите и презеле конкретни мерки согласно закон.

### *Постапување на ДКСК по примени пријави од укажувачи во 2021 година*

Зголемената доверба на јавноста во работата на ДКСК придонесе да се зголеми интересот на граѓаните за начинот на пријавување што го гарантира ЗЗУ.

Од страна на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи во ДКСК, како и од членовите на ДКСК, на разни начини преку директна комуникација на разни собири, работилници, конференции или преку дадени изјави во медиумите, кон јавноста беа презентирани бројни информации за начинот на кој ДКСК постапува по овие пријави. Ова имаше за резултат, во последните три години (2019-2021) да се појават укажувачи (доверливи или анонимни) и до ДКСК да достават значителен број на пријави со наводи за сомневања или сознанија за незаконски, казниви, неетички или недозволени поведенија во институциите каде што тие работат или порано

биле вработени или до кои дошле на некој друг начин (преку извршување на услуги или остварување на друг вид деловна соработка). Зголеменото пријавување во ДКСК се должи и на основаниот страв од можноста од штетни последици по нив или нивни блиски лица што укажувачите можат да ги трпат во случаи на внатрешно пријавување, како и поради сомневање дека во рамките институции каде работат или порано биле вработени нема да се постапува по нивните пријави.

***Содржина на примените пријави***

Во 2021 година до ДКСК беа поднесени 9 пријави во кои се содржани наводи со сомневање за незаконски, недозволени и неетички дејствија преземени од одговорните лица или од други службени лица во институциите каде што работат. Сите пријави доставени до ДКСК од укажувачите се преку каналот за заштитено надворешно пријавување, односно се пријави кои содржат наводи за сознанија или сомневања за незаконски дејствија кои биле сторени од страна на одговорни или службени лица во други институции од јавниот сектор, што е резултат на изградената доверба на граѓаните во ДКСК.

***Форма и начин на прием на пријавите***

Со Правилникот за заштитено надворешно пријавување во институциите во јавниот сектор, укажувачот може да изврши заштитено надворешно пријавување усно на записник или писмено до овластено лице. Анализата на примените пријави од укажувачите покажа дека од 9-те вкупно примени пријави,

- осум пријави во писмена форма се доставени преку пошта и
- една пријава во писмена форма по електронската пошта.

***Податоци за анонимност/ доверливост на укажувачите***

ЗЗУ го дефинира укажувачот како лице кое со добра намера врши заштитено пријавување, кое не е должно да ја докажува добрата намера и вистинитоста на она што го пријавува. На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира доверливост.

Во однос на податоците за анонимност или доверливост, од 9-те примени пријави, пет пријави се доставени од доверливи укажувачи (нивниот идентитет е познат на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи), додека четири пријави од анонимни укажувачи.

***Категорија на лицата кои се јавуваат во својство на укажувач***

Следејќи ја утврдената категоризација на лица кои можат да се јават во својство на укажувачи согласно член 2 став (3) од ЗЗУ:

- четири укажувачи се лица кои имаат засновано работен однос во институцијата, односно правното лице за каде пријавува,
- еден укажувач бил корисник на услуги во институцијата за каде пријавува и
- четири укажувачи се анонимни за кои не може да се утврди нивната категорија согласно членот 2 став (3) од ЗЗУ.

*Преземени дејствија*

Согласно ЗЗУ, институциите каде може се врши заштитено надворешно пријавување се должни во рамките на своите надлежности да постапат по пријавата, да ги заштитат личните податоци на укажувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот кој пријавува анонимно или доверливо, а за преземените мерки да го информираат укажувачот без одлагање, најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Постапувајќи согласно своите надлежности, овластеното лице за заштитено надворешно пријавување во ДКСК оформи девет (9) предмети по кои поединечно изврши проценка на содржината на пријавите и донесе заклучоци за проверка на наводите содржани во истите како и утврдување на фактичката состојба. Заради тоа до други институции достави вкупно 12 барања за:

- надлежно постапување до различни институции: за проверка/контрола /надзор на финансиското работење / примената на законските прописи во пријавената јавна институција;
- прибирање податоци и информации до разни институции: Министерството за внатрешни работи, Државниот инспекторат за труд, Државниот Управен инспекторат и други.

Во текот на фазата на прибирање и размена на податоците и на релевантна документација во врска со доставените пријави од укажувачи, беше остварена потесна меѓу институционална соработка помеѓу овластените лица во ДКСК и во другите институции, што е од голема важност за успешна имплементација на ЗЗУ во пракса и обезбедување на системска заштита на укажувачите. Во неколку предмети беше утврдено дека наводите во пријавите опфаќаат законска надлежност на две или повеќе институции, што беше повод за истовремено постапување на овластените лица за прием на пријави од укажувачи во две институции со цел правилно утврдување на фактичката состојба. Резултатот од ваквото постапување беа преземени конкретни мерки и дадени предлози со цел надминување на слабостите и неправилностите утврдени во пријавените случаи.

Исто така, во текот на фазата на административна проверка на наводите содржани во пријавите од укажувачите, овластеното лице за прием на пријави од укажувачи беше во постојана комуникација со доверливите укажувачи, кои беа редовно известени за текот на постапувањето по нивните пријави, како и за исходот од постапувањето по пријавите.

*Статус на предметите и ефекти од постапувањата*

Во Табела 18 прикажани се ефектите од постапувањата на ДКСК по однос на предметите формирани по пријави од укажувачи заклучно со 31 декември 2021 година.

Табела 18: Постапувања на ДКСК по пријави од укажувачи

| Опис на активност | Постапување во 2021 година | Постапување во 2020 година | Постапување во 2019 година |
|---|---|---|---|
| Број на примени пријави | 9 | 6 | 19 |
| Број на пријави по кои се отворени предмети | 9 | 6 | 19 |
| ПОСТАПУВАЊА НА ДКСК | | | |
| Доставена пријава до други институции на заштитено надворешно пријавување согласно ЗЗУ на натамошно постапување | | 1 | |
| Донесени одлуки | 9 | 17 * | |
| - Непотврдени наводи | 5 | 12 | |
| - Нема законски основ за постапување на ДКСК | | 4 | |
| - Променета фактичка состојба | 4 | | |
| - По барање на подносителот, предметот беше доставен за постапување во редовна постапка на ДКСК | | 1 | |
| Постапувањето на ДКСК е во тек | 8 | 5 | |
| ПОДНЕСЕНИ ИНИЦИЈАТИВИ | | | |
| Иницијативи до надлежен орган за утврдување одговорност на службено лице и Иницијатива до ЈОРСМ | | 1<br>1 | |
| Укажување со насоки за преземање на мерки и дејствија до одговорно лице во институцијата, постапувањето на ДКСК по предметот е во тек | | 1 | |

** Пријави поднесени во 2019 година, а по кои е постапувано во 2020 година*

Во 2021 година по проверка на наводите и утврдената фактичка состојба во пет (5) предмети ДКСК констатира дека наводите не се потврдени и одлучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во конкретните предмети за што беа известени и укажувачите, додека во четири (4) предмети по проверка на наводите е констатирана промена на фактичка состојба поради кои ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

### 3.13. Постапување по барања за пристап до информации од јавен карактер

Со Уставот на Република Македонија, како едно од основните права на Граѓанинот од корпусот – „Граѓански и политички слободи и права" е гарантиран слободниот пристап до информациите, слободата на примање и пренесување на информациите.

Тргнувајќи од начелото на јавност утврдено во ЗСКСИ, имајќи во предвид дека јавноста и отвореноста во работењето се во функција на транспарентност на мерките и активностите кои ги презема ДКСК, со посебен професионален однос се пристапува кон предметите по доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во текот на 2021 година до ДКСК беа поднесени 31 барања за пристап до информации од јавен карактер и по истите постапено е во законски утврдениот рок. Од вкупно поднесените 31 барања за пристап до информации од јавен карактер, позитивно е одговорено на 30 барања, а едно барање е одбиено по кое барање подносителот нема поднесено жалба до надлежната Агенција.

## 3.14. *Спроведување на препораките од ГРЕКО во надлежност на ДКСК*

Петтиот круг на оценка на ГРЕКО[15] се однесува на спречување на корупција и промовирање на интегритет кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот. Во Извештајот за Северна Македонија усвоен во 2019 година, дадени се 23 препораки кои најмногу се однесуваат кон лицата и институциите од извршната власт и Министерството за внатрешни работи односно Бирото за јавна безбедност, но и кон ДКСК исто како и во претходните ГРЕКО евалуации, во улога на институција што треба да обезбеди исполнување на конкретни препораки.

Заради исполнување на **препораката број VI** од Извештајот – *„Правилата за ad-hoc откривање и управување со случаи на судир на интереси треба да се надополнат со практични упатства и практични мерки за нивно спроведување, како што се посветена обука, советување и подигање на свеста за лицата што вршат највисоки извршни функции“*, ДКСК изработи „Практично упатство за правилата за ad-hoc откривање и управување со случаи на судир на интереси за членовите на Владата на Република Северна Македонија“ кое беше презентирано пред Премиерот и министрите во декември 2020 година, низ работилница реализирана преку интернет. Покрај тоа, ДКСК организираше за Премиерот, Заменик-Премиерот одговорен за борба против корупцијата, Министерот за правда, Министерот за транспорт и врски (и сите нивни советници) и за директорите на компаниите формирана од Владата одржа шест консултации на тема судир на интереси.

Во својот извештај ГРЕКО го поздравува изготвувањето на Практичен водич со јасни упатства за лицата кои вршат највисоки извршни функции за тоа како да се идентификуваат судирите на интереси, како да се намали нивната појава, како да се побара совет за етичка дилема и на кого да се пријаваат реални конфликти. ГРЕКО го истакнува своето очекување Водичот да се презентира пред сите членови на Владата и дека за сите лица кои вршат највисоки извршни функции ќе бидат организирани иницијативи за подигање на свеста, како што се обука и советување, вклучително и за сите членови на владата. ГРЕКО заклучува дека препораката VI е делумно имплементирана.

Во однос на **препораката број X** (i) *„да се обезбеди доволна оперативна независност на полицијата во однос на Министерството за внатрешни работи и истата да се осигура во пракса (ii) да се преземат релевантни мерки со цел да се обезбеди индивидуалните должности на полицајците да бидат соодветни со постоечките правила за интегритет и непристрасност со цел да ги извршуваат своите функции на политички неутрален начин во пракса (на пр. преку свесност, обука, санкции итн.)“* и **препораката број XIV** (i) *„Ревидирање на Кодексот на полициска етика во широка консултација со широк круг на засегнати страни, вклучувајќи полициски персонал на сите нивоа, нивни претставници и граѓанското општество, со цел да се консолидираат постојните одредби и да понудат сеопфатни практични насоки за етичките прашања, меѓу другото за интегритет, конфликт на интереси, подароци и спречување на корупција“*, иако реализацијата на овие препораки е обврска на МВР, сепак ДКСК максимално е вклучена во организирање и реализирање на обуки поради заложбата на ДКСК дека овие обуки и работилници треба континуирано да се одржуваат заради постојано јакнење на свеста за интегритет и етичко однесување на засегнатите лица.

ГРЕКО заклучува дека препораката X не е имплементирана, а препораката XIV делумно имплементирана.

[15] Група на држави за борба против корупцијата формирана во 1999 од Совет на Европа

# 4. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО ДРЖАВАТА

Извештаите, евалуациите и истражувањата на меѓународни и домашни организации, тела, комисии се релевантни документи за оцена на состојбата со корупцијата во Република Северна Македонија.

На прво место е секако Извештајот на Европската Комисија за напредокот на РСМ за 2021 година, каде е наведено дека Северна Македонија има одредено ниво на подготовка односно е умерено подготвена за започнување на пристапните преговори со Европската Унија. Иако е постигнат добар напредок преку консолидирање на учинокот за истражување, гонење и судење случаи на корупција на високо ниво, сепак корупцијата е распространета во многу области и треба да се обезбеди поактивен пристап од сите чинители кои се занимаваат со спречување и борба против корупцијата.

Во однос на ДКСК, во Извештајот се наведува дека Комисијата е особено проактивна во спречувањето на корупцијата поради отворени голем број случаи, вклучително и оние во кои се вклучени високи функционери од целиот политички спектар. Донесувањето на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и Акцискиот план од страна на Собранието на РСМ препознаено е како консолидирање на посветеноста на земјата за спречување на корупцијата и санкционирање на коруптивното однесување. Како позитивен момент е оценета поддршката на ДКСК од страна на Владата на РСМ преку обезбедување на потребните услови и средства за работа на Комисијата, но и понатаму остануваат препораките за подобрување на функционирањето на ДКСК преку доделување дополнителни средства за ангажирање стручен кадар.

Извештајот на Транспаренси Интернешнл за Индексот на перцепција на корупцијата за 2021 година забележува напредок во борбата против корупцијата. Според објавената листа која што го оценува напредокот на земјата во борбата против корупцијата, Северна Македонија е на 87 место со 39 индексни поени, за разлика од минатата година кога беше на 111 место со 35 индексни поени. Во истражувањето се опфатени 180 земји во светот, а индексот на перцепција на корупцијата се мери на скала од 0 до 100, при што 100 е највисока вредност и означува најмало ниво на корупција.

Како што е наведено во Извештајот, подобрувањето на положбата на РСМ се должи на фактот што *„Земјата презеде чекори за кривично гонење на високи функционери за корупција и зајакнување на независните надзорни институции (ДКСК). Владата, исто така, усвои агенда и акционен план против корупцијата – развиен во консултација со граѓанското општество – кој вклучуваше експлицитни мерки за борба против организираниот криминал, реформи во изборите и правосудниот систем, како и справување со непотизмот, кронизмот и влијанието во практиките за вработување на јавни места“.*

ДКСК издаде голем број препораки за подобрување на постапките за вработување во јавниот сектор, за елиминирање на непотизмот, клиентелизмот и кронизмот, вклучително и за назначување на управители и членови на надзорни и управни одбори. Овие препораки сѐ уште не се вметнати во соодветното законодавство, а соработката на некои државни институции во обезбедувањето податоци или следењето на препораките на Комисијата во поединечни случаи не е доволна.

Но и покрај видниот напредок, бавното спроведување или не спроведувањето на одредени препораки дадени во Извештајот на Европската Комисија влијаат врз создавање на негативна перцепцијата за борбата со корупцијата. Имено, неспроведувањето на препораките и понатаму создаваат состојби на кои јавноста најмногу реагира, а се резултат на:

- не доверба меѓу политичките партии во Собранието на РСМ и слабата демократската култура и практики во Собранието;
- одолговлекување на примена на Стратегијата за реформа на јавната администрација и Програмата за реформа на управувањето со јавните финансии;
- бавното спроведувањето на Стратегијата за реформи во судството, реформата на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;
- неизграден објективен систем за вработување базиран на заслуги и објективни критериуми поради долго ревидирање на Закон за административни службеници, Закон за вработени во јавниот сектор и не донесување на нов, Закон за висока раководна служба;
- примена на контрадикторните правила во Законот за внатрешни работи, кои овозможуваат исклучување на вработените од одредбите на Законот за административни службеници;
- договорите на определено време и договорите за дело продолжуваат да се користат за вработувања на однапред избрани лица во јавниот сектор заобиколувајќи ги критериумите утврдени во Законот за административни службеници;
- пополнување на голем број на високо раководни позиции со лица со статус „вршител на должност" подолго време;
- слабата респонзивност на институциите во насока за заштита на правото на сопственост поради хаосот во сферата на урбанизмот, градењето и загадувањето на животната средина;
- неспремноста на лицата кои спроведуваат јавни набавки да ги искористат механизмите во Законот за јавни набавки на начин кој ќе обезбеди поголема конкуренција и економично трошење на буџетските средства.

Сето ова укажува дека состојбата со корупцијата е сериозна и неопходни се натамошни чекори за зајакнување на материјално-техничките и човечките капацитети на надлежните институции, нивна независност и проактивност во постапувањето.

# 5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето

## 5.1. Обезбедување на услови за работа на ДКСК

Во текот на 2021 година ДКСК конечно го реши прашањето со просторните услови за работа. Со Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на ДКСК број 40-2357/1 od 16.02.2021 година на Владата на РСМ, ДКСК се стекна со право на користење на недвижен имот на улица „Пресвета богородица бр. 3" со површина од 2429 м2. Од причина што објектот бил планиран и наменет за друга институција – (Факултет за драмски уметности), ДКСК се соочи со потребата дел од просториите да ги адаптира и преуреди, така што по извршените адаптации, во јуни 2021 година ДКСК започна со работа во новите деловни простории.

Со овие активности ДКСК реализираше една од трите стратешки цели: подобрување на просторните услови за функционирање на институцијата.

Компјутерската опрема обезбедена во 2019 година преку ИПА фондовите на Европската Комисија а за потребите на ДКСК, по преселбата во новите простории целосно е преземена и ставена во функција и истата е прикажана како зголемување на Материјалните средства во Билансот на состојба за 2021 година.

## 5.2. Едукација на вработените во ДКСК

Поради зголемувањето на бројот на вработените во Секретаријатот, но и подобрувањето на раководната структура, заради зголемување на ефикасноста во работењето, во текот на 2021 година на вработените им беа обезбедени соодветни обуки:

- Обука за проценка на институционален ризик од корупција;
- Работилница на тема „Комуникација насочена кон решенија"  ;
- Регионална обука за повеќе корисници за заштита на укажувачи - во рамки на Регионален проект на Секретаријатот на РАИ „Прекинување на тишината: Зајакнување на политиките и културата на зачувување во Западен Балкан и Молдавија", во организација на РАИ Секретаријат- онлајн обука;
- Меѓународна Обука за концептот на интегритет и секторскиот интегритет и проценка на ризикот од корупција - онлајн обука - онлајн;
- Обука за Значењето на ревизорските извештаи во борбата против корупцијата, и обука за Добри практики на анализа на ревизорски извештаи и улогата во доброто управување и борбата против корупцијата, проект: „Јакнење на капацитетите на институциите во борбата против корупцијата", во организација на Транспаренси Интернешнл -онлајн;
- Обука на тема „Вовед во системот за заштита на финансиските интереси на ЕУ во РСМ" ;
- Обука за подготовка на систематизација и измена на систематизација на работни места во институциите од јавниот сектор , организирана за членовите на Мрежата на организациони единици за управување со човечки ресурси;
- Обука за Судир на интереси и Закон за заштита на укажувачи, проект „Јакнење на капацитетите на институциите во борбата против корупцијата" во организација на Транспаренси Интернешнл – Македонија;

- Летна школа за помлади антикорупциски практичари, во организација на Секретаријатот на РАИ;
- Обука -Тим Билдинг на вработените од ДКСК во рамки на Проект: „Промвирање на транспарентност и одгворност во јавната администрација", во организација на ПроТРАКО, одржана во Охрид
- Тркалезна маса за состојбите со јавните набавки во земјата.

### 5.3. Софтверски решенија

Во рамки на активностите на Совет на Европа за поддршка на повеќе државни институции во насока на владеење на правото и реформа на јавната администрација преку ИПА проекти, за потребите на ДКСК започнаа да се креираат повеќе софтверски решенија со кои ќе се овозможи подобра комуникација на ДКСК со други институции и ќе се подобри нејзината ефикасност. Дел од овие решенија започнаа да се користат во 2021 година, а за остатокот се очекува истите да бидат целосно оперативни во текот на 2022.

- **Софтверско решение – Следење на Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025**

Користејќи го позитивното искуство на софтверско следење на Државните програми од претходните години, за потребите на ДКСК за следење на реализацијата на активностите предвидени со Националната стратегија, се изработи наведената веб апликација. Целта на оваа апликација е преку навремено доставување извештаи од органите и институциите кои се задолжени за реализација на конкретни мерки и активности, да се добијат информации и податоци на кој начин, до кој степен и во кој рок се реализираат планираните активности. За таа цел, институциите номинираа лица за комуникација со ДКСК. За номинираните лица ДКСК беше спроведена обука и е обезбеден пристап до системот. Врз основа на овие информации, софтверското решение ќе генерира периодични извештаи за степенот на имплементација на Националната стратегија во целина, податоци за степенот на имплементација по области, сектори, како и реализација на активностите за секоја институција одделно.

Во тек е анализа и евалуација на спроведените мерки и активности со рок на реализација 2021 година, по што ДКСК ќе изготви Годишен извештај за спроведување на Националната стратегија.

- **Софтверско решение – Антикорупциска проверка на легислативата**

Согледувајќи ја потребата од дополнителна алатка која ќе го потпомогне процесот на антикорупциска проверка на легислативата, во рамките на ИПА 2 проектот по барање на ДКСК се разви електронска алатка која ќе врши детектирање на клучни зборови кои наведуваат на можни ризици од корупција во текстот на законите врз кои се врши проверка.

Алатката е оперативна, но за целосно функционирање на истата и поголема ефикасност на активноста неопходно е поскоро поврзување со Владата на РСМ, заради навремено произнесување и давање мислење по сите предлог закони од страна на Државна комисија за спречување на корупцијата.

- **Софтверско решение - Мобилна апликација за антикорупција**

Исто така во рамките на проектот ИПА 2, со реализација на кампањата за интегритет, се изработи апликација достапна преку мобилни телефони која има за цел да ги информира граѓаните за активностите на ДКСК и преку која би се спроведувале анкетирања и истражувања на јавното мислење за актуелни случувања од областа на антикорупцијата.

Иако е изработена, алатката заради дополнителни надградби сеуште не е ставена во функција.

- **Софтверско решение – Заштита на укажувачите**

На барање на ДКСК во рамки на ИПА 2 проектот се изработи софтверско решение за автоматизирање на постапувањето на институциите при заштитено надворешно укажување. Софтверот овозможува комуникација меѓу лицето укажувач и овластеното лице за надворешна заштита во ДКСК со целосна заштита на лицето што пријавува (без физичка комуникација). Софтверското решение е понудено и на институциите кои согласно Законот за заштита на укажувачите се надлежни институции за надворешно пријавување: Инспекциски совет (вклучувајќи ги сите инспекторати) , МВР, ЈО, Народен правобранител. Дел од нив веќе потпишаа Меморандум за соработка и се согласија на преземање и инсталирање на софтверското решение[16]. Дополнително ова софтверско решение ќе се надгради и со Регистар на лица за внатрешно пријавување.

Софтверското решение е промовирано на настанот/прес конференцијата за најава на кампањата за интегритет.

- **Софтверско решение – Document Management System and Performance Monitoring System –DMS & PMS**

За унапредување на работењето на ДКСК во текот на 2021 година започна да се развива софтверско решение - документ менаџмент систем – електронски систем за следење на движењето на предметите во рамки на институцијата. Ова софтверско решение е инсталирано и се спроведени обуки за вработените за негово користење, а од 01.01.2022 година тече тест периодот пред целосно да се стави во употреба.

Ова софтверско решение се надгради со систем за следење на перформансите на секое одделение и сектор, преку автоматско обезбедување на податоци од секое од нив и следење низ одредени периоди, во специфични извештаи согласно потребите и барањата. И овој дел од софтверското решение е во тест период и наскоро ќе биде целосно оперативно.

- **Софтверско решение - Комуникациски портал**

Во насока на унапредувањето на транспарентноста во работењето како општествен стратешки пристап и темел на доброто управување, ДКСК работи на развој на софтверско решение - комуникациски пристап (портал), чија цел е обезбедување на навремени и точни

[16] Инспекциски совет, Народен Правобранител, Државен инспекторат за локална самоуправа, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Управа за заштита на културно наследство, Државен инспекторат за труд, Државен архив, Агенција за храна и ветеринарство, Дирекција за радиациона сигурност

информации спрема сите институции, со цел нивно постапување или соработка на теми поврзани со превенцијата и борбата против корупцијата.

Придобивките од функционирањето на овој портал за ДКСК се:

- навремено и непосредно да комуницирање со сите институции како од централната така и од локалната власт преку номинирани лица – координатори,
- навремено информирање на сите институции за активностите на ДКСК,
- спроведување на анкети за специфични области,
- реализација на on-line обуки,
- објавување на ставови од надлежноста на ДКСК
- одржување на состаноци.

Се очекува ова софтверско решение да биде оперативно до крајот на март 2022 година.

- **Софтверско решение - Регистар на избрани и именувани лица, електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем**

Со донесувањето на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" бр.12/2019 од 19.01.2019 година), во насока на остварување на своите надлежности, а согласно со член 25 од законот, ДКСК има пристап до податоци кои се водат во други органи и институции преку размена на податоци преку веб сервиси и податочни медиуми. Врз основа на оваа одредба од законот, ДКСК има електронски пристап и може да користи податоци од регистрите кои ги водат институциите, без надоместок од 22 институции утврдени во законот. Исто така согласно член 82 став 5 од истиот закон, изјава за имотна состојба и интереси треба да се достави електронски и податоците јавно да се објават.

По неуспешните обиди за реализација на овој софтвер во 2019 и 2020 година, ДКСК обезбеди поддршка од ЕУ преку ИПА 2 проектот -Транспарентност и одговорност на јавната администрација и во ноември 2021 започна со негова реализација. Се очекува софтверското решение да биде целосно оперативно во ноември 2022 година.

## 6. Соработка со други институции

Еден од приоритетите на Државната комисија за спречување на корупцијата е одржување на проактивна соработка на национално и меѓународно ниво.

Потребата за реализација на меѓународна соработка ја налага и современиот технолошки развој, каде превенцијата и борбата против корупцијата станува sine qua non услов, поради ширењето на корупцијата, за која не постојат граници.

Стремежот кон поголем успех во борбата против корупцијата, примена на нови стандарди и алатки во процесот на превенција од корупција, е на некој начин зависен и од степенот на воспоставената меѓународна соработка. Од успехот на добиена меѓународна поддршка зависи и идниот развој на државните органи, се со цел непречено и континуирано постапување и превенирање во процесот на антикорупциски политики, како и идниот развој на капацитетите и начинот на постапување и превенирање на корупцијата.

Соработка со граѓанските и меѓународните организации чиј фокус е поддршка на борбата против корупцијата успешно продолжи и понатаму во уште поголем обем во текот на 2021 година. Воспоставената пракса на on-line комуникација со партнерите од граѓанските организации и меѓународни институции наметната поради следење на препораките за заштита од Ковид-19 пандемијата, не го намали бројот на проекти кои во текот на 2021 година имаат конечни испорачани резултати или започнаа да се реализираат.

### 6.1. Соработка со граѓански организации

***Платформа на граѓански организации за борба против корупцијата***

Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата формирана од 16 граѓански организации[17], даде несебичен придонес и поддршка на работата на ДКСК во исполнување на надлежностите утврдени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Законот за укажувачите. Обезбедувајќи финансиска поддршка од разни извори, како проекти кои се реализираа, а се поврзани со работењето на ДКСК се следниве:

***Транспарентност Интернешнал Македонија – ТИМ***

Со финансиска поддршка на ЦЕП - УСАИД, Транспарентност Интернешнл Македонија го спроведе проектот *„Поддршка на капацитетите и работата на Државна комисија за спречување на корупцијата"* преку спроведување на три мултидисциплинарни тренинзи, менторство за вработени на ДКСК за анализа на правна регулатива, менторство за вработени во ДКСК за анализа на банкарски сметки и изводи: финансиски аспекти и проверки, јакнење на капацитетите на ДКСК преку изработка на водич за судир на интереси за ДКСК и развивање стандардна процедура за поефикасна соработка помеѓу ДЗР и ДКСК и размена на информации.

[17] Асоцијација за демократски иницијативи, Институт за демократија Социетас Цивилис Скопје, Истражувачки центар за граѓанско општество, Коалиција за правично судење, Македонски центар за меѓународна соработка, МОСТ, Метарморфозис, Охрид Институт, Транспаренси Интернешнал Македонија, Транспарентност Македонија, Фондација Отворено општество – Македонија, Форум ЦСИД, Центар за граѓански комуникации, Центар за истражување и креирање политики, ЕВРОТИНК – Центар за европски стратегии, Хелсиншки комитет за човекови права, SCOOP – Центар за истражувачко новинарство

***Асоцијација за демократска иницијатива и Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење"***

*Проект: Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција*

Асоцијацијата за демократска иницијатива и Коалиција на здруженија на граѓани "Сите за правично судење" во февруари 2019 година започна со реализација на Проектот „Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција", во чии рамки предмет на оценка на транспарентноста беа вклучени: Државната комисија за спречување на корупцијата, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и Специјалното јавно обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите (СЈО).

Во рамки на овој проект беа продуцирани четири извештаи за транспарентноста на спомenатите институции (освен за СЈО). Имено, во септември 2021 година беше објавен четвртиот и последен Извештај од Анализа на состојбата со транспарентноста на мониторираните институции надлежни за спречување на корупцијата, за периодот јануари – јуни 2021 година.

## 6.2. Соработка со меѓународни организации

Поддршката кон ДКСК не изостана и од меѓународната заедница, така што во текот на 2021 година со директна поддршка започна реализација на многу активности со кои се остваруваат неколку важни надлежности на ДКСК.

***Соработка со Италијанската национална антикорупциска агенција -АНАК***

Препознавајќи дека корупцијата ги уништува економските и социјалните структури и ја влошува благосостојбата на народите и нациите ширум светот, свесни дека спречувањето и борбата против меѓународната корупција може да се подобри со соработка помеѓу институциите во согласност со законите и регулативите на земјите и истовремено препознавајќи ја важноста на меѓународната соработка и потребата да се спроведат правно обврзувачки меѓународни инструменти за борба против корупцијата, особено Конвенцијата на ООН против корупцијата и нејзините механизми за ревизија, во Август, 2021 година, Италијанската национална антикорупциска агенција (АНАК) и ДКСК, потпишаа Меморандум за разбирање во насока на

- Подобрување на каналите за откривање и заштитните механизми за укажувачите преку зајакнување на законодавната рамка и институционалните аранжмани;
- Зајакнување на капацитетот на граѓанското општество за поддршка на укажувачите преку застапување јавни политики, јавно образование, правна помош и друга поддршка на укажувачите и
- Зајакнување на јавната свест, особено на младите, за важноста на укажувањето во борбата против корупцијата и едуцирање на јавноста за механизмите за заштита на укажувачите.

Во рамките на проектот, Секретаријатот на РАИ одржа две годишни регионални обуки каде ДКСК беше активен учесник. Обуките овозможија учење од искуствата и експертизата од целиот регион.

Директивата на Европската унија за заштита на лицата кои пријавуваат прекршување на правото на Унијата усвоена во 2019 година, даде нов поттик за ефикасна заштита на укажувачите

и во Југоисточна Европа. Како придонес кон овој процес, Секретаријатот на РАИ спроведе Анализа на недостатоците на законите за заштита на укажувачите во Западен Балкан и Молдавија, која испитува дали и до кој степен стандардите на Директивата на ЕУ се вградени во законите за заштита на укажувачите во поедини земји на овие јурисдикции . Со цел да се постигне долгорочно влијание и одржливост на напорите, процесот на развој на Анализата на јазот беше високо консултативен, со учество на претставници од јавните институции, ДКСК и Министерството за правда. Документот преставува доста корисна проценка за следните чекори на измена на нашиот Закон за заштита на укажувачи. Активностите со РАИ се достапни на веб страната на ДКСК[18]

### *ОБСЕ Мисија во Скопје*

Долгогодишната соработка со ОБСЕ Мисијата во Скопје продолжи и во 2021 година како резултат на потпишаниот Меморандум за разбирање помеѓу ОБСЕ и ДКСК за спроведување на заеднички активности за периодот 2020-2022:

- ***Унапредување на транспарентноста на ДКСК***: се изврши адаптирање на изгледот и содржината на веб страната на ДКСК; беа обезбедени консултантски услуги за селекција на темите и нивно објавување на веб страната како и обезбеден ПР за прес клипинг услуги; превод на одбрани документи за борба против корупцијата што ќе осигури дека материјалот е соодветно структуриран и презентиран на веб-страницата на ДКСК.
- **За зајакнување на интегритетот на ниво на единици на локална самоуправа- ЕЛС:** со лицата за интегритет во ЕЛС изработени се документи „Политика на интегритет на локално ниво" и „Насоки за примена на Политиката на интегритет на единиците на локалната самоуправа". 61 општина ја потпишаа политиката на интегритет и обезбедија лице за интегритет. Потпишаните Политики и лицата за интегритет се објавени на веб страницата на ДКСК.
- **Истражување на јавното мислење за перцепцијата на жените за постоењето на родови форми на корупција во РСМ**: Врз основа на наодите од документот за Родовите аспекти на корупцијата во Република Северна Македонија од 2020 се обезбеди анализа на меѓународното и домашното законодавство и во соработка со ЕЛС, соодветните државни институции и граѓанските организации се предложија одредби за изменување и дополнување на националното законодавство.
- **Ангажирање на Национален правен експерт за антикорупциска проверка** на постојните закони што ја регулираат заштитата на животната средина со цел да се идентификуваат специфичните празнини во националното законодавство што создаваат простор за корупција со конкретната сфера.

### *Совет на Европа*

Во рамките на воспоставената соработка со проектот против економски криминал, кој се имплементира од страна на Советот на Европа, во рамките на Хоризонталната програма за Западен Балкан и Турција (започнат во 2019 година), во текот на 2021 година започна да се реализира иницијативата на ДКСК за изготвување и донесување на сосема нов Закон за потекло на имот. За потребите на оваа активност беше изготвена студија за донесување на ваков закон од страна на двајца експерти на Советот на Европа, која студија покажа дека има потреба од измени во некои веќе постоечки закони, како и потреба од воведување на конфискација без осудителна

[18] https://dksk.mk/%d1%80%d0%b0%d0%b8/

пресуда/граѓанска конфискација.

Изготвувањето на нацрт законот се одвива во неколку фази: покрај изготвената студија, формирана е работна група со високи претставници од сите релевантни институции. Нацрт верзија е веќе изготвена и во наредниот период ќе биде споделена со невладиниот и приватниот сектор, како и академската заедница.

Во втората половина од 2021 година, во рамки на истиот проект, беше организирана обука за вработените од Одделението за следење на имотна состојба и интереси на ДКСК. Обуката беше организирана on the spot на која експертот на Советот на Европа и вработените во ДКСК разговараа за теми кои се од интерес за Одделението како што се идентификување на индикатори за перење пари и корупција, банкарски извештаи, финансиските извештаи, конкретни банкарски производи кои можат да се злоупотребат за корупција и перење пари. Вработените на Одделението заедно со експертот на Советот на Европа работеа и на реални случаи отворени од страна на ДКСК, при што вработените беа водени низ процесот на идентификување на корупција

Во пресрет на месецот посветен на Борбата против корупцијата (декември), ДКСК во соработка со Министерството за правда, во рамки на истиот проект организираше тркалезна маса на тема: „Стандардите за превентивни антикорупциски тела, политики и практики, според Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата (член 5 и 6)". На тркалезната маса учествуваа претставници на домашни институции и граѓански организации од областа на спречување на корупцијата како и претставници на странски и меѓународни делегации и организации, каде беа презентирани обврските кои произлегуваат од член 5 и од член 6 на Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата, усогласеноста на законодавството и добри практики и предизвици во имплементација на стандардите за превентивни антикорупциски тела и политики .

*<u>Проект: ИПА II - Поддршка кон реформата на јавната администрација.</u>*

**Градење на систем на интегритет на вработените во администрацијата**

Водејќи се од својата законска надлежност согласно Законот за спречување корупција и судир на интереси, ДКСК ја има клучната улога во градењето на системот на интегритет на вработените во администрацијата и во континуитет работи на неговата имплементација и унапредување. Имено, ДКСК години наназад работи на развивање на:

- **Индивидуален интегритет**
- **Институционалнен интегритет**
- **Секторски интегритет.**

преку реализација на мерките и активностите предвидени со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интересите со Акциски план 2021-2025.

ДКСК во втората половина на 2021 година донесе и усвои Политиката на интегритет, заедно со Насоки за примена на политиката на интегритет за државните органи и институциите од јавниот сектор, но и посебни за локалната самоуправа усогласени со спецификите на нејзините надлежности. Во насока на успешно воведување и имплементација на системот на интегритет, ДКСК изработи и Методологија за мониторинг на примената на системот на интегритет, а во процес на развивање е и софтверско решение за следење на системот на интегритет. Следен чекор е пилотирање на системот на интегритет во пет институции, и врз основа на спроведените

обуки и менторство, ќе се извлечат податоци за понатамошен развој и постапување во делот на имплементација и следење на системот на интегритет

Системот за интегритет почива на елементи кои претставуваат своевидни стандарди за интегритет:

- Заштитата на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси;
- Почитување на етичкиот кодекс кој е релевантен за позицијата на службеното лице;
- Управување со човечките ресурси врз основа на систем на заслуги и квалификации;
- Наменско, рационално и ефикасно управување со јавните ресурси;
- Транспарентност и пристап до информациите од јавен карактер;
- Заштитено пријавување од укажувачи и
- Управување со квалитет

Заради полесно разбирање и спроведување на системот на интегритет во институциите, за дел од овие елементи веќе се изработени водичи, упатства и формулари (темплејти), а за дел сеуште се во подготовка. Во рамките на овие документи изработени се „Насоки за подготовка на етички кодекси во институционалното работење“ поради нужноста секоја институција да има свој Етички кодекс, донесен и усвоен од страна на раководните структури, затоа што истиот ја дава рамката на однесување на вработените во една институција, имајќи ги предвид различните ситуации во кои може да се најдат (во случај на нудење мито, подарок во вредност поголема од дозволената, злоупотреба на службена должност, итн.).
Во 2021 година изработено е Упатство за изготвување на интерен акт за користење на службени возила и за реализација на службени патувања
Во 2021 година започна изработката на водичи за Упатство за изготвување интерен акт за управување со судир на интереси и упатство за регулирање на постапувањето со подароци, погодности и гостопримство. Исто така, во тек е подготовка е посебен прирачник за Лицата за интегритет заради успешно спроведување на неговите задачи: следење на усогласеноста со прописите, подигнување на свеста и едукација, информирање и соработка со ДКСК.

### Зајакнување на техничките капацитетите на ДКСК

Ефикасноста на ДКСК во многу зависи од меѓусебната комуникација и соработка со државните органи и институции за навремено добивање на потребни документи и докази. ДКСК со години наназад се соочува со недостиг од соодветни софтверски решенија што ја намалува ефикасноста во работењето на ДКСК. За таа цел, со средства обезбедени во рамките на овој проект, во текот на 2021 година за потребите на ДКСК започнаа да се развиваат и реализираат неколку софтверски решенија:

- Управување со документи и мониторинг на активностите - Document Management System and Performance Monitoring System ДМС&PMS<
- Комуникациски портал;
- Систем на интегритет;
- Е-учење;
- Заштита на укажувачите;
- Следење на реализација на Националната стратегија;
- Антикорупциска проверка на легислативата;
- Мобилна апликација – Антикорупција;

- Регистар на избрани и именувани лица, електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем (се очекува софтверот да биде целосно оперативен до ноември на 2022 година).

Перформансите на секое софтверско решение поединечно се опишани во Точка 5.3. од овој Извештај.

*ИПА* - Реорганизација на државната управа
Компонента 2– Подобрување на рамката на дискрециони овластувања

Кон крајот на 2021 година се финализираше реализацијата на Компонентата 2 – Подобрување на рамката на дискрециони овластувања во рамки на овој проект. Целта на активностите се оптимизирање на сè вкупната институционална рамка, подобрување на работата на јавните служби и зајакнување на етиката, интегритетот, транспарентноста и одговорноста на јавната администрација. Со проектот се обезбеди анализа на:

- регулативата која го регулира издавањето на различни типови дозволи, лиценци кои имаат влијание врз екологијата;
- законската регулатива која обезбедува индивидуални права и одговорности на граѓаните (даноци, имотно правни односи)
- законската регулатива која го опфаќа вработувањето во специфичните области.

Се очекува во 2022 година да започне имплементација на препораките од анализата спроведена од страна на надлежните институции во координација со Владата на РСМ, а мониторингот на имплементацијата ќе го врши ДКСК.

*ИПА 2020 – „Поддршка на ЕУ за владеење на правото"–*
*Компонента 3 – Борба против корупцијата*

Во текот на 2021 година започна да се реализира нов петгодишен проект ИПА 2020 (јануари 2021 – јануари 2026) „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" со четири компоненти посветени на унапредување на работењето на повеќе институции. ДКСК е примарен корисник на резултатите на компонента 3 чија цел е обезбедување на стратешка и методолошка поддршка на ДКСК, јакнење на независноста, ефективноста и ефикасноста согласно мандатот доделен со закон.

Целите што треба да се постигнат со овој проект се однесуваат на :

- Поддршка во изготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за лобирање (усвоен во јуни 2021 година) и воспоставување електронски регистар на лобисти. Во текот на 2021 година се изработи план за подигнување на свеста за лобирањето; се изработија предлог подзаконски акти кои се објавени на веб страната на ДКСК, како и предлог внатрешни акти за лобирањето. Исто така, заедно со ДКСК, се започна со пилотирање на гореспоменатите активности со избрани институции на централно и локално ниво;
- Подобрување на контролата и зајакнување на проверката на пријавите за имотна состојба поднесени од избрани и именувани лица;

- Креирање и имплементација на веб платформа која ќе овозможи транспарентност на политичките партии и учесниците во изборните кампањи во однос на финансирањето како на нивното редовното работење така и на изборните кампањи. Се очекува да се обезбеди солидна база на податоци и информации за јавноста и за ДКСК заради исполнување на надлежностите во областа на спречување корупцијата во политиката;
- Креирање и имплементација на Е-тракер - систем за следење, поврзување и јавно објавување на имот, интереси и податоци за искористени средства од Буџетот на РСМ на избрани и именувани лица или службени лица во субјектите кои располагаат со државен капитал.
- Спонзорирање на магистерски студии на Меѓународната Антикорупциска Академија (IACA) во Лаксембург, Австрија за професионален развој на вработените во различни државни и независни институции на теми поврзани со борбата против корупција и градењето интегритет. Во септември 2021 година, беа избрани четворица студенти - вработени во Државната комисија за спречување корупција, Државниот завод за ревизија, Финансиската полиција и Народниот правобранител.

## 7. Буџет, завршна сметка и финансирање

Средствата за работењето на ДКСК се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетската сметка број 020036004663719 што функционира преку Трезорскиот систем при Министерството за финансии како корисник на буџетот од прв ред.

Во табела 19 прикажани се средствата кои од Буџетот на РСМ се планирани за потребите на ДКСК во текот на 2020 и 2021 година.

Табела 19: Буџет на ДКСК

| Ставка | 2021 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализа-ција | Реализа-ција на буџет во % | Буџет | Реализа-ција | Реализа-ција на буџет во % |
| 40 - Плати и надоместоци | 30,339,000 | 28,008,681 | 92.3 | 25,461,000 | 24,771,136 | 97.3 |
| 42 - Стоки и услуги | 12,100,000 | 5,846,385 | 48.3 | 7,770,000 | 6,120,513 | 78.8 |
| 46 - Трансфери | 360,000 | 56,876 | 15.8 | 18,000 | 15,000 | 83.3 |
| 48 - Капитални расходи | 3,718,000 | 1,997,540 | 53.7 | 500,000 | 237,102 | 47.4 |
| **Вкупно:** | **46,517,000** | **35,909,482** | **77,2** | **33,749,000** | **31,143,751** | **92,3** |

Намалениот износ на планирани средства во 2021 година во однос на 2020 година се должи на последиците од Ковид-19 кризата, извршената реалокација на средствата на други корисници со ребалансот на Буџетот за 2021 година, како и на ограничувањето на набавките.

Во Табела 20 се прикажани планираните расходи во текот на 2021 година по намени и поединечните трошења од ставките за расходи.

Табела 20: Планирани и реализирани расходи на ДКСК

| Расходи | 2021 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Реализирано | Буџет | Реализирано |
| Основни плати | 21,885,000 | 19,889,282 | 18,451,000 | 17,791,763 |
| Придонеси за социјално осигурување | 8,094,000 | 7,822,399 | 7,010,000 | 6,979,373 |
| Надоместоци | 360,000 | 297,000 | 0 | 0 |
| Патни и дневни расходи | 500,000 | 388,016 | 800,000 | 680,543 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3,500,000 | 2,320,454 | 2,270,000 | 2,159,578 |
| Материјали и ситен инвентар | 800,000 | 553,797 | 940,000 | 446,375 |
| Поправки и тековно одржување | 3,800,000 | 782,056 | 800,000 | 405,947 |
| Договорни услуги | 3,000,000 | 1,630,656 | 2,400,000 | 2,386,808 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Други тековни расходи | 500,000 | 171,406 | 560,000 | 41,262 |
| Разни трансфери | 360,000 | 56,876 | 18,000 | 15,000 |
| Купување на опрема и машини | 238,839 | 133,839 | 0 | 0 |
| Градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други градежни објекти | 3.268,781 | 1,693,781 | 400,000 | 211,496 |
| Купување на мебел | 210,000 | 169,920 | 0 | 0 |
| Вложување и нефинансиски средства | 380 | 0 | 100,000 | 25,606 |
| **ВКУПНО:** | **46,517,000** | **35,909,482** | **33,749,000** | **31,143,751** |

Во најголем дел планираните средства се наменети за исплата на плати и даноци и придонеси од плати за 34 државни службеници и седум избрани членови на Комисијата.

Средства се потрошени за секојдневното функционирање на ДКСК, односно за плаќање на: патни трошоци за членови на комисијата, комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, пошта, телефон, интернет, услуги за превод на материјали, копирање, печатење и издавање, осигурување на недвижности, ангажирање на едно надворешно лице за одржување на ИТ опремата и софтверот со кои располага ДКСК, ангажирање на две надворешни лица за користење на надворешна експертиза согласно член 28 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и слично.

Во декември 2020 година беше донесен план за јавни набавки, кој во текот на 2021 година претрпе три измени поради намалување на средствата како резултат на ефектите на Ковид-19 кризата, но и поради нужноста за реконструкција на просториите што ДКСК ги користи. Од планираните 20 набавки, во текот на 2021 година беа реализирани единаесет постапки, во вкупен износ од 2.683.307 денари со вклучен ДДВ, додека останатите девет набавки не се спроведени. Најголем дел од планираните средства за јавни набавки, 11.000.000 денари наменети за набавка на софтверско решение – „Регистар на избрани и именувани лица, електронско доставување на изјава за имотна состојба и интереси, нивно објавување, систем за прибирање на податоци од други институции, нивна обработка, модул за менаџирање со документи и одржување на целокупниот систем“ останаа неискористени и вратени во Буџетот на РСМ за други намени, од причина што за реализација на овој софтвер ДКСК успеа да обезбедени финансиска поддршка од Европската Комисија преку ИПА-2 проектот. Развивањето на софтверското решение е во тек.

## 8. ЗАКЛУЧОЦИ

Во текот на 2021 година останаа во примена дел од посебните услови за работа и рестриктивни мерки за работење и движење пропишани од Владата на РСМ како начин на редовно работење на сите субјекти, како од јавниот така и од приватниот сектор, вклучително и на ДКСК поради Корона-19 пандемијата што се одрази на динамиката на работа на ДКСК.

ДКСК доби солиден простор за работа, целосно ја стави во функција донираната компјутерска опрема, го зголеми бројот на вработените, ја подобри раководната структура во Секретаријатот, а со средства од донатори започна да развива софтверски решенија неопходни за остварување на доделените надлежности. Дел од овие софтверски решенија се ставени во употреба, а преостанатите ќе бидат применливи во 2022 година.

2021 година не донесе значајни промени во законската регулатива и не ја намали злоупотребата на законските решенија поради непрецизни или нејасни одредби така што влијанијата по партиски, роднински, пријателски релации и понатаму останаа доминантни во сферата на вработувања во јавниот сектор.

И понатаму е присутна злоупотреба на функции и дискрециони овластувања при издавање разни дозволи, одобренија, договори, создавање услови за фаворизирање на компании и слично. Противправно градење на државно и приватно земјиште овозможено со одредбите на законите во областа на урбанизмот, градењето, животната средина, непостапувањето на инспекциските служби и нивниот клиентелизам кон центрите на политичка моќ и бизнис елити не им остава простор на граѓаните дури ни пред судовите да си ги одбранат своите со Устав загарантирани права за еднакви можности при вработување, право на заштита на сопственоста, право на чиста животна средина.

Пријавите од областа на корупцијата кои ДКСК ги доби во 2021 година во најголем дел се однесуваат на овие појави исто како и пријави за постапувања на судии и јавни обвинители.

Транспарентното работење на ДКСК, постојаното укажување за важноста на интегритетот како на ниво на личност така и на институционално ниво, промоцијата на повеќе проекти во оваа сфера придонесе за зголемување на свеста за важноста на интегритетот како прв чекор во спречувањето на судирот на интереси, а со тоа и на корупцијата. Спроведените обуки на вработени во неколку државни институции, реализираните кампањи во истата област имаат влијание кај службените лица за подигнување на свесноста за потенцијален судир на интереси што за ефект имаше 85 поднесени барања за давање мислења до ДКСК.

Спроведувањето на Локалните избори – 2021 година повторно ја истакна праксата на измени на Изборниот законик непосредно пред нивното одржување. На овој начин со последните измени од септември 2021 година се овозможи, од Буџетот на РСМ да се обезбедат и исплатат повеќе средства за платено политичко рекламирање кон електронските медиуми и интернет порталите, додека хаосот со рекламирање преку билборди и интернет портали и понатаму останува нерегулиран и простор за политичка корупција.

ДКСК редовно ги ажурира и објавува податоците за имотната состојба на лицата кои имаат обврска да доставуваат Изјава за имотна состојба и судир на интереси, а согласно годишните планови, врши и нивна проверка во рамки на своите капацитети.

Соработката на ДКСК со граѓанските организации постојано се зацврстува и унапредува, а поддршката што ДКСК ја добива од меѓународни тела и организации е максимално материјализирана за реализација на кампањи, обезбедување на обуки за вработените и најважно обезбедување на неопходните софтверски решенија за тековно реализирање на своите надлежности.

Членовите на ДКСК оценуваат дека и во текот на 2021 година, и покрај сите предизвици, како на државно така и на институционално ниво, Државната комисија продолжи ефикасно да ги извршува своите надлежности во рамки на расположливите капацитети.

## 9. Прилози

| | |
|---|---|
| Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата | Прилог 1 |
| Иницијативи пред надлежни органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица | Прилог 2 |
| Поднесени иницијативи за одговорност и разрешување на службени лица поради постоење на судир на интереси | Прилог 3 |
| Завршна сметка за 2021 | Прилог 4 |

**Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење по предмети од областа на корупцијата** **Прилог 1**

| р.број | Иницијативата е | | Краток опис | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 1 | ОЈО ГОКК Скопје | 26.04.2021 | основи на сомнение за сторено кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од страна на службени лица кои со своето постапување/непостапување придонеле во 2012 година да се донесе детален урбанистички план (ДУП) неусогласен со генерален урбанистички план (ГУП) и да се реализира имотна корист кај сегашните сопственици на парцела која е дел од ДУП Ц08, - по предмет оформен по сопствена иницијатива, а по допрен глас од медиуми по однос на објавени наводи во врска со постапката за изградба на висококатници на парцелата спроти „Холидеј Ин“ предвидена со детален урбанистички план на Општина Центар донесен во 2012 година | Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење на повеќе службени лица и тоа: 1. ---------- ---------- ---- градоначалник на општина Центар во период од 2009-2013,<br>2. ----------- ----------- градоначалник на општина Центар во период од 2013-2017<br>3. ------------- ----------- раководител на Сектор за урбанизам во Општина Центар во периодот 2012<br>4. ----- ----------, раководител на Сектор за уредување на просторот во Министерството за транспорт и врски<br>5. ------- -------, помошник раководител на сектор за планирање и уредување на просторот на Град Скопје и на<br>6. -------- ----------, дипломиран инженер архитект – овластен планер,<br>7. ----- ------------, дипломиран инженер архитект – овластен планер<br>8. ----------- --------------------, овластеното лице на Правно лице ДПУП ---------- експорт – импорт Скопје. | Постапката е во тек. |
| 2 | ОЈО Скопје | 23.09.2021 | овластувања, од страна на одговорни лица вработени во одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со цел стекнување корист од страна на друго Физичко лице , вработен и управител на автошкола -------------- Дебар и вработен во автошкола ------------------- Дебар, на работено место инструктор, заради злоупотреба на нивната службена положба и овластувања и фалсификување исправи, со цел стекнување противправна корист за друго лице. Непознат претседател и член на испитната комисија за полагање сообраќаен испит за управување со моторно возило од Ц категорија, вработени во сообраќаен испитен центар -------------------Охрид, бидејќи на 21.01.2021 година во Дебар, овозможиле полагање на сообраќаен испит за управување со моторно возило од Ц категорија – градска, спротивно на основните законски услови за безбедност во сообраќајот. - Сообраќаен испитен центар ------- ------ Охрид, бидејќи на 21.01.2021 година во Дебар, овозможил полагање на сообраќаен испит за управување со моторно возило од Ц категорија – градска, спротивно на основните законски услови за безбедност во сообраќајот. - Физичко лице од с. К-----------------бидејќи | иницијатива за кривично гонење на одговорни лица, ----- ---- и ----------- вработени во одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и други фисични и правни лица | Се води предистражна постапка. Ќе следи дополнително известување. |
| 3 | ОЈО Гевгелија | 23.11.2021 | против службени лица: директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија, вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија во периодот од 12.02.2021 година до 01.03.2021 година и градоначалник на Општина Гевгелија од 2017 до 2021 година, поради постоење на основи на сомневање за сторено кривично дело од член 353 став 1 в.в. член 353-в односно за сторено кривично дело од член 353 став 1 од Кривичниот законик. | иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против службените лица - директор на Јавното претпријатие , вршител на должноста директор на Јавното претпријатие, градоначалник на Општина | Се води предистражна постапка. Ќе следи дополнително известување. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | ОЈО ГОКК Скопје | 02.12.2021 | против службени лица - вработени во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, за сомневање за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 1 во врска со став 3 од Кривичниот законик, поради постапување спротивно на одредбите од Законот за катастар на недвижности, со што овозможиле непречено располагање со недвижен имот, запишување на товари во корист на трети лица, а со тоа и прибавување на имотна корист за правно лице (сега во стечај), сето тоа на штета на физички лица кои со правното лице имале склучено преддоговор за заедничка градба. | иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против службени лица - вработени во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија. | Постапката е во тек. |
| 5 | ОЈО ГОКК Скопје | 24.12.2021 | против службено лице ------- ----------, поранешен Министер за култура, поради постоење на основи на сомневање за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 1 во врска со став 5 од Кривичниот законик, по однос на констатирани повреди на одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година за склучување на договори и анекси на договори за доделување на средства на проекти на Годишните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес од областа на фолклорот, музичката и музичко-сценската дејност и интердисциплинарните проекти за 2020 година, вклучително и договори и анекси на договори склучени на 24.07.2020 година | Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против поранешен Министер за култура, | Постапката е во тек. |
| 6 | ОЈО Тетово | 23.11.2021 | против Одговорно лице ----------- ------------, бидејќи во својство на актуелен градоначалник на Општина Боговиње и кандидат за градоначалник на истата општина, со злоупотреба на службената положба и овластувања го прекршил предизборниот процес на локалните избори во 2021 година, со цел стекнување лична корист, односно, со злоупотреба на својата службена положба и овластувања, постапило спротивно на чл. 117 од Законот за основно образование и ги прекршило одредбите во чл. 8-а од Изборниот Законик, со што сторил изборни нерегуларности во текот на предизборниот процес на локалните избори во 2021 година, со цел стекнување лична корист во смисла на добивање нов градоначалнички мандат, а нанесувајќи штета на разрешената директорка и овозможувајќи стекнување незаконска корист на именуваната директорка за вршител на должност на погоре означеното основно училиште, во Општината | Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење против -------- -----------, актуелен градоначалник на Општина Боговиње | Постапката е во тек. |
| 7 | ОЈО ГОКК Скопје | 10.01.2022 | против ------- --------- - в.д директор на Јавна установа Младински културен центар , поради постоење на основи на сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 1 во врска со став 5 од истиот член и кривично дело „ Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од член 275-в од Кривичниот законик, поради неприменување на одредбите од Законот за јавните набавки при објавување на Јавен повик за избор на ко-организатор на активностите за „Дочек на Новата 2020 година“ со што преку противзаконско располагање со средства обезбедени од буџетот на Град Скопје овозможил стекнување на корист на трети лица | Иницијатива за поведување постапка заради кривично гонење против ------ ---------- в.д директор на Јавна установа Младински културен центар | Постапката е во тек. |

## Иницијативи до надлежни органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица

Прилог 2

| р.број | Иницијативата е | | Краток опис | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 1 | Директор на СОУ "Митко Пенџуклиски" Кратово | 06.04.2021 | поведување на постапка за преземање на мерки и активности за утврдување на дисциплинска одговорност на вработеното лице ------ ------------ вработена како лаборант во Средното општинско училиште " Митко Пенџуклиски" Кратово и како лице со потврда за положен испит за јавни набавки, кое без да го извести својот работодавач - Директорот на СОУ "Митко Пенџуклиски" Кратово и да обезбеди негова согласност, склучила договори за дело за вршење на работи поврзани со спроведување на постапките за јавни набавки во други јавни институции основани од општината за времетраење на работното време на работното место каде што е вработена. | Иницијатива за поведување на постапка за преземање на мерки и активности за утврдување на дисциплинска одговорност на лицето ------ ---------, вработена како лаборант во Средното општинско училиште" Митко Пенџуклиски" Кратово | Иницијативата е прифатена од страна на директорот на СОУ и спроведена била дисиплинска постапка против лицето по што на 02.06.2021 година било донесено Решение со кое му била изречена дисциплинска мерка за сторениот дисциплински престап. |
| 2 | Министерството за внатрешни работи на РСМ | 23.09.2021 | констатирана е повреда на службена положба и овластувања на службените лица --------- и ----------- , вработени во одделот за внатрешна контрола при министерството, затоа што, без преземање должни дејства против лицата ------------- и ----------------, овозможиле лицето ----------- ----------- од с. Коџаџик – Општина Центар Жупа да располага со возачка дозвола од Ц категорија, која ја стекнал спротивно на основните законски услови за безбедност во сообраќајот. | Иницијатива за поведување на постапка за утврдување одговорност на сите посочени лица. | Известување од МВР дека е постапено по страна на Комисија за надзор на работата на испитните центри и надлежните организациски единици во СВР Охрид, на начин што бил извршен непосреден надзор и контрола на исполнетоста на потребните услови за работа и над начинот на работа, по што било утврдено дека наводите во иницијативата на ДКСК се неосновани. |

| р.број | Иницијативата е | | Краток опис | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
| 3 | Градоначалник на Општина Гевгелија | 23.11.2021 | против службени лица ------ ----------, директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија, и ------ ---------, вршител на должноста директор на Јавното претпријатие за комунални дејности „Комуналец“ – Гевгелија во периодот од 12.02.2021 година до 01.03.2021 година, поради повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во постапка за вработување на административни службеници. | Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност за службените лица,(директор на Јавното претпријатие, вршител на должноста директор на Јавното претпријатие „Комуналец“ – Гевгелија | Постапката е во тек. |
| 4 | Градоначалник на Општина Битола | 23.11.2021 | против службено лице ------------ --------------, директор на Општинско основно училиште „Елпида Караманди“ - Битола, постоење основи на сомневање за непостапување согласно одредбите од Законот за основно образование и Законот за наставниците и стручните соработници при избор на наставник во постапка за вработување по јавен оглас. | Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност за службеното лице, директор на ООУ „Елпида Караманди“ - Битола | Постапено е од страна на Училишниот одбор при ООУ кој до Градоначалникот испратил известување за констатрано дека при вработувањето на предмениот наставник не постојат основи за сомневање дека директорот на училиштето го прекришил законот односно дека не |

| р.број | Иницијативата е доставена до | датум на доставување | Краток опис | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Град Скопје | 10.01.2022 | против в.д директорот на ЈУ МКЦ – -------- , поради непримунување на одредбите од Законот за јавните набавки при објавување на Јавен повик за избор на коорганизатор на активностите за „Дочек на Новата 2020 година“. | Иницијатива за поведување на постапка за утврдување на одговорност на лицети ---- --------- в.д директор на Јавна установа Младински културен центар | дека во целост постапил по Иницијативата и на ден 20.01.2022 година преку полномошник поднел кривична пријава против пријавеното лице до ОЈО ГОКК поради постоење основано сомнение дека истиот сторил две кривична дела „Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство“ од член 275-в став 2 од Кривичниот законик и „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 1 во врска со став 5 од истиот член за натамошно постапување на надлежното обвинителство. |

**Прилог 3**

| р.б рој | Иницијативата е | | Основ на иницијатива | Со иницијативата се бара | Ефект од постапување |
|---|---|---|---|---|---|
| | доставена до | датум на доставување | | | |
